# 15 години

Здружение „Регионален центар за одржлив развој“

Кратово

Септември, 2017год.

# Содржина:

Вовед ........................................................................

Почетоци, основање...................................................

Мисија, визија, цели..................................................

Управување и раководење..........................................

Проектни активности и делување во заедницата.......

Младински волонтерски клуб...................................

Соработка со Мировен корпус..................................

Публикации...............................................................

Меморандуми за соработка.....................................

Партнери и соработници............................................

Благодарници и признанија .....................................

Перцепција на заедницата...........................................

Завршен збор...............................................................

# Вовед

*Велат дека секој почеток е тежок и носи многу неизвесности. Ако е така, ние со потешкотиите добро се справивме, а неизвесностите не дозволивме да бидат изненадување, туку предизвик во секојдневното работење. Секоја измината година со себе носи нови искуства и сознанија, нови знаења, откривање на нови можности и, секако,развој и растеж на организацијата и на самите нас.Секоја година од постоењето е значајна и претставува алка од синџирот,што води кон остварувањето на крајната цел наречена- Мисија.*

*ЗГ „Регионален центар за одржлив развој“ е невладина и непрофитна организација, која е насочена кон поддршка за одржлив развој на НВО секторот и поголема мобилизација на сите структури во локалната заедница, што можат да дадат придонес кон побрза интеграција на регионот во сопствени рамки, но и интеграција на Македонија во рамки на ЕУ. Организацијата во своето делување ќе дава придонес во локалниот развој и развојот на граѓанското општество во општините: Кратово, Крива Паланка, Ранковце и Пробиштип, а своите програми за работа ќе ги насочува во согласност со локалните потреби и приоритети. Организацијата ќе продолжи да ја развива соработката помеѓу граѓаните и власта, ќе ја продлабочува воспоставената соработка меѓу заинтересираните страни во вистински ефективни партнерства и ќе создава услови за целосна граѓанска партиципативност во креирањето локални политики. Организацијата ќе придонесува во развојот на заедниците преку создавање одржлив модел, што ќе биде применлив независно од промената на власта.*

*Цивилниот сектор ги нема финасиските средства со кои располага државата, но ја има моќта, капацитетот и инструментите со кои може да ги следи, анализира и дава критички осврт на поголем број области на делување. А како области од особен интерес за нас, во овој период, ќе ги споменеме процесот на децентрализација и ЕУ интеграцијата. Можеби, како никогаш до сега, постои најголема можност за појавата на евроскептицизам, како последица на спорот со името со јужниот сосед и долгите процеси на преговори со ЕУ, што, пак, ја манифестира потребата од целосно и континуирано следење, информирање и едукација на граѓаните за придобивките од интегрирање во овие структури. Од друга страна, поголемата вклученост на граѓаните во поведувањето на иницијативи и носењето на одлуки на локално ниво е од исклучително значење за севкупните демократски процеси и ,воопшто, за процесот на децентрализација.*

*И покрај обидите за замолчување и дисквалификација од страна на определени структури, ние и понатаму ќе останеме цврсто на линијата на пренесување на гласот на народот во јавноста и целосно застапување со сите демократски методи и инструменти. Тоа е еден од гарантите за успех и за создавање на критична маса, која ќе придонесе кон остварување на предвидените цели.*

*Со мобилизирање на повеќе човечки ресурси, тимска работа, добра организациона поставеност и чувство за вистинските проблеми да се делува во вистинско време, успехот и понатамошното опстојување, раст и развој ќе бидат неминовни.*

*Од авторите*

# Почетоци, основање

**З**дружението „Регионален центар за одржлив развој“ од Кратово постои од септември 2003 година. Во перодот од 2003-2006 година функционира како Центар за поддршка на НВО, финансиран од ЕУ. По завршувањето на оваа проектна активност, тоа се трансформира во самостоен правен субјект.

Основачко Собрание на Здружението на граѓани “Регионален центар за одржлив развој” е одржано на 15.09.2006 година во Кратово. Истото е запишано во Централен регистар на Македонија на 27.10.2006 година.

Како основачи на Здружението на граѓани “Регионален центар за одржлив развој” се потпишани: Борјанчо Мицевски, Гоце Ангеловски, Стојан Насевски, Александар Манасов, Дијана Стаменова, Тони Стојмановски, Гоце Стојановски, Тоше Петков, Тодорчо Закев, Павле Арсовски, Свете Стојмановски, Зоре Стојмановска, Милош Димитровски, Даничка, Петрова Неџат Јакупов, Горан Ристовски, Стевче Донев, Горан Ковачевски и Радмила Стојковска.

За членови на првиот Извршен одбор се избрани следните лица: Мелита Иванова, Радмила Стојковска, Гоце Ангеловски Борјанчо, Мицевски, Павле Арсовски, Зоранчо Стојановски и Душко Арсовски.

Во првите три години Здружението успешно ја исполнува мисијата за зајакнување на граѓанското општество на локално и регионално ниво. По завршувањето на оваа проектна активност, продолжува да ја исполнува својата мисија како самостоен правен субјект, кој е правен, но и морален наследник на претходната организација и веќе започнатите активности. Во текот на 2010 година, а во согласност со новиот закон за здруженија и фондации, беше извршена пререгистрација. Притоа, од Здружение на граѓани се трансформира во Здружение „Регионален центар за одржлив развој“.

Здружението „Регионален центар за одржлив развој“ е невладина и непрофитна организација, со седиште во Кратово, која во своето делување, освен Кратово, ги опфаќа и општините: Крива Паланка, Ранковце, Старо Нагоричане и Пробиштип во матичниот регион, како и општините Куманово, Кочани и Делчево во поширокиот регион на делување. Во дел од програмите, таа соработка се продлабочува како на регионално, така и на национално ниво, преку различните мрежи, платформи и коалициски соработки со други организации.

Организацијата е насочена кон поддршка и одржлив развој на локалната заедница, поголема мобилизација на расположивите ресурси и социо-економско зајакнување и интеграција на регионот, пред се во сопствени рамки, а потоа и интеграција на Македонија во рамки на ЕУ.

# Мисија, визија, цели

## Мисија

Мобилизација и одржливо искористување на сите расположиви ресурси во локалните заедници за поголем придонес кон социо-економски развој и интеграција на регионот, пред се, во сопствени рамки, а со тоа и полесна и побрза интеграција на Македонија во рамки на евро-атлантските асоцијации.

## Визија

Развиен, стабилен и независен цивилен и економски сектор, кој во соработка со јавните институции и бизнис секторот, непречено ќе делува кон подобрување на условите за живот во локалната заедница, подобрување на социо-економската состојба, намалување на процентот на невработени, подобрување на популационата политика и создавање на услови за поголем локален и економски развој.

## Стратешки цели

Ефективен и брз развој на регионот во кој дејствуваат ефикасни институции и транспарентна власт, а локалната заедница се развива во хармонија како пример на етнички соживот, толеранција и меѓусебно разбирање.

Индиректни цели се : привлекување на странски капитал и инвестиции, подобрување на социо-економската состојба на населението, намалување на процентот на невработеност и креирање на професионална, ефикасна и транспарентна власт и локални институции.

## Крајна цел

Создавање на локални заедници во кои на секој поединец ќе му се даде можност за изразување на сопствената креативност и потенцијал, заедници кои ќе претставуваат привлечно место за живеење, работење и инвестирање, со максимална искористеност на потенцијалите, кои ќе бидат ставени во функција на социо-економски раст и развој на општина Кратово, но и на регионот во целина.

## Програмски подрачја

- Промоција на туристичките потенцијали на регионот и нивно ставање во функција на локалниот економски развој;
- Зголемување на степенот на транспарентност и отчетност во работењето на институциите на локално ниво;
- Потикнување и унапредување на младинскиот иницијативизам, креирање на младински политики, волонтерско работење, аргументирано изразување и развивање на дебатерски способности и вештини;
- Креирање на модел за граѓанско учество во креирањето на локални политики и поттикнување на граѓански активизам;
- Подобрување на социо-економскиот статус на жителите во локалната заедница и локален економски развој преку развој и имплементација на програми за претприемништво и вработување на млади кадри;
- Регионална соработка со организации од Балканот во областа на едукација на млади за граѓански активизам и волонтерско работење;
- Спроведување на програми за енергетска ефикасност на општините и инстуциите на локално ниво и
- Идентификација на нови области за прекугранична и меѓународна соработка преку искористување на ИПА фондовите и останатите програми на ЕУ.

# Управување и раководење

## 4.1 Организациска структура

### Членување во организацијата

Сите елементи на управување и уредување на односите во Здружението се регулирани со Статут на Здружението. Истиот може да се најде на веб страницата на Здружението www.regionalencentar.org.mk или да се добие лично во канцелариските простории на Здружението.

**Член** на Здружението може да биде секој поединец на заедницата, кој ќе пополни апликација за членство и ќе ги почитува основните статутарни и законски одредби.

**Собранието на Организацијата** го сочинуваат сите членови на Организацијата. Тоа избира претседател на Организацијата со мандат од 4(четири) години.

Во состав на **второто Собрание** членуваа: Борјанчо Мицевски, Јорданка Шапкалиска, Јасмина Давитковска, Горан Ковачевски, Гоце Стојановски, Марија Петковска, Стојан Насевски, Катерина Ковачевска, Зоре Стојмановска, Радмила Стојкова Китанова, Свете Стојмановски, Милош Димитровски, Мустафа Јакупов, Даниела Јаневска, Влатко Бојковски, Радица Михајловска, Игор Симоновски, Ката Николовска, Стевче Доневски, Лидија Ташева, Благица Мијалкова и Зорица Давитковска.

Во состав на **третото Собрание** членуваа: Јасмина Давитковска, Катерина Ковачевска, Борјанчо Мицевски, Јорданка Шапкалиска, Горан Ковачевски, Гоце Стојановски, Марија Петковска, Стојан Насевски, Зоре Стојмановска, Свете Стојмановски, Милош Димитровски, Мустафа Јакупов, Даниела Јаневска, Влатко Бојковски, Игор Симоновски, Ката Николовска, Стевче Доневски, Благица Мијалкова, Зорица Давитковска, Ирена Младеновска, Никола Мишевски и Стефан Трајков.

**Извршниот одбор** го сочинуваат седум членови, кои ги бира Собранието на Здружението.

За членови на **вториот Извршен одбор** избрани се: Јорданка Шапкалиска, Јасмина Давитковска, Гоце Стојановски, Зоре Стојмановска, Мустафа Јакупов, Влатко Бојковски и Радица Михајловска.

За членови на **третиот Извршен одбор** избрани се: Борјанчо Мицевски, Катерина Ковачевска, Гоце Стојановски, Лидија Ташева, Влатко Бојковски, Мустафа Јакупов и Зорица Давитковска.

**Оперативен тим** на канцеларијата се сите лица, кои во моментот се ангажирани во имплементација на проектните и програмските активности.

**Волонтери**

Во рамки на организацијата, во зависност од потребите и активностите, може да бидат ангажирани волонтери. Тие се ангажираат при зголемен обем на работни активности или во случаи кога ќе се увиди дека има потреба за активно вклучување на претставник од заедницата.

Волонтери ќе бидат вклучени и кога за тоа ќе има јасна изразена потреба за учење преку непосредни активности и работа. Волонтерите можат да бидат поединци или претставници од домашни и меѓународни организации.

# Претседатели:

Во досегашниот период Здружението имаше три претседатели и тоа:

- Борјанчо Мицевски-во два мандати, за периодот од 2006 до 2013 година;
-Јасмина Давитковска- од 2013 до 2016 година; и
-Катерина Ковачевска- актуелен претседател, избрана во 2016 година.



**Борјанчо Мицевски**

**Опстојувањето на цивилниот сектор во изминатите години - огромен предизвик**

Цивилниот сектор во Македонија, во изминатите неколку години, покажа и докажа дека може да се мобилизира во битката за демократија и ослободување на општеството од политичките стеги. Проектните активности и иницијативи, теренските активности и спроведените кампањи, што особено се интензивираа во последниве години, демонстираа различни методи на делување, се со единствена цел - мобилизација на граѓаните. Притоа, се покажа дека процесот на будење и активирање на граѓаните е тежок и нималку лесен процес, но сепак реален.

Една од причините за вакво нешто е целосната партизација на државата и државните институции во изминатите десет години.

Во една таква ситуација граѓаните беа ставени во улога на неми набљудувачи и покорни послушници на политиките на владеачката структура.

Демократизацијата на општеството, од ден на ден, стануваше мисловна именка, со се погласното протежирање на паролата дека политиката е само за политичарите, „заборавајќи“ дека моќта на политичарите, сепак, им ја даваат граѓаните.

Во една таква консталација на односите, прогресивните сили во цивилниот сектор беа тие кои ја поведоа битката за мобилизирање и активирање на граѓаните. Во услови на повеќе од очигледни случаи на загрозеност на човековите права и слободи и суспензија на демократските принципи и механизми, цивилниот сектор имаше не само потреба, туку и должност да делува. Притоа, клучниот предизвик беше како граѓаните да се анимираат и поттикнат на поголема активност во битката за своите права.

Во моментот кога власта почувствува загрозување на своите позиции и губење на добиената доверба и моќ, отпочна смислена кампања за пресметка и „гушење" на невладиниот сектор, кој размислуваше на поинаков начин од власта. Смислената, оркестрирана и режирана контрола врз 22 организации, под наслов „Стоп Операција Сорос“, веднаш по парламентарните избори во декември 2016 година, резултираше со повеќемесечна контрола од страна на УЈП и ОЈО. Една од тие организации беше и нашата организација. Ова на момент целосно ја парализираше работата на овие организации, но од друга страна дополнително го мотивира и сплоти цивилниот сектор во заложбите за создавање на подобро и подемократско општество. За таа цел, беше креирана писмена реакција во која се изрази загриженост поради постојаните атаци врз граѓанските активисти и слободоумните граѓани, како и заложбите и предизвиците со кои се соочува цивилниот сектор во Македонија. Документот беше упатен до домашната и меѓународната јавност, а истиот беше потпишани и поддржани од околу 130 организации на национално ниво. Помошта, охрабрувањето и поддршката што стаса однадвор, особено од демократските и прогресивни европски асоцијации и видни политички авторитети, беше од големо значење и помош.

Особено значајно беше охрабрувањето упатено кон младите и граѓанското општество за кревање на гласот и поголема агресивност при своите барања. **„Вие треба да си го најдете својот пат, но политичарите мора да прифатат дека студентите и младите имаат повеќе амбиции и очекувања за иднината на општеството. Многу сум горд што сте инволвирани во процесот на обезбедување подобра иднина на вашата земја. Продолжете напред. Би сакал да ве охрабрам да бидете и погласни и да станете круцијален дел од овој реформски процес. Борете се за својот живот, не чекајте и немојте да се воздржувате во тоа. Немате повеќе време за губење, кризата трае предолго, а вие заслужувате повеќе**“ – беше изјавата на Михаел Рот – министер за надворешни работи на Сојузна Република Германија.

Искрено, се надевам дека предизвиците со кои се соочуваше цивилниот сектор во Република Македонија во изминатиот период, ќе биде добра животна лекција и поука, не само на овие простори, туку и пошироко.

Потенцијалот, моќта, искуството и експертизата со кои располага невладиниот сектор, во следниот период ќе треба да биде ставен целосно во функција на изградба на демократско и прогресивно општество, во кое правата на поединецот, без разлика на неговата верска, етничка и национална припадност, ќе бидат предност и бенифит, а не пречка за градење на мултиетничко и просперитетно општество.

Во изминатите години, нашите резултати и активности беа од особен интерес и значење за целокупната локална заедница. Ќе се трудиме да го задржиме курсот и да продолжиме по патот, што го трасиравме во изминатиот период. Секогаш ќе се трудиме нашите активности да бидат од интерес на целокупната заедница и целната група, да имаме конкретни и видливи резултати, односно со еден збор, да го оправдаме нашето постоење.

**Приказна која започна ненадејно и трае веќе девет години**

Во 2008г. бев еден од корисниците на услугите на РЦОР (посетував курс по италијански јазик), кога добив покана да се пријавам за надворешен соработник во проект наменет за младите. На почетокот, искрено, не разбирав која е улогата на граѓанските здруженија, вклучително и на РЦОР. Ја прифатив поканата за соработка мислејќи дека приказната ќе трае неколку дена. Но, откако ми јавија дека јас сум избраниот соработник, мојата приказна со РЦОР, која почна пред 9 години, сеуште не е завршена.



**Јасмина Давитковска**

Во овој период мојот главен ангажман во здружението беше работа со младите (ученици во средното училиште). Овој дел од приказната е поврзан и со Младинскиот образовен форум. Ја имав честа и привилегијата да ја работам најплеменитата работа, полна со енергија и ентузијазам, токму поради фактот што работев со младите.

Организирање на настани, работилници, обуки, учење за аргументирано изразување беа нашите главни причини за работа и дружења. Подоцна, во 2012г. станав дел од оперативниот тим на здружението, каде што работев до 2016г. Амбиентот и условите за работа беа повеќе од прекрасни. Како здружение се обидувавме да ги лоцираме локалните и регионалните проблеми на своите сограѓани, да предложиме соодветни идеи за решавање на истите и со тоа ја оправдаме својата работа, односно да ја реализираме сопствената мисија. Многубројни проекти, активности, обуки, соработки и средби со прекрасни луѓе...

Секој проект претставуваше посебна тематска единица, лекција за совладување. Но, уште поважно, преку сите овие искуства, човек сериозно ја разбира својата улога во општеството и станува свесен дека е одговорен буквално за секој сегмент во заедницата во која живее, но и дека може многу да допринесе за подобар живот.

Како граѓанско здружение, кое дејствува на овие простори и во период кога дејноста и улогата на граѓанскиот сектор е потценета, односно не доволно сериозно прифатена од сите чинители и актери во самото општество, и ние не бевме поштедени од многу искушенија и предизвици. Но, сепак, на крајот на денот , после многубројните посети на нашите јавни настани, покани за соработка и партнерства, учества во многу медиуми, заклучокот е неизбежен дека здужението РЦОР сериозно и успешно чекори кон остварување на својата мисија.

Бескрајно благодарам за мојата животна шанса и привилегија да бидам дел од семејството на РЦОР!

Да ни се множат јубилеите!



**Катерина Ковачевска**

**Да се биде дел од тимот на РЦОР, чест, гордост и задоволство**

Почетокот на нашата “дружба” беше за време на моето студирање. Тогашниот Центар за поддршка на невладини организации, денес Регионален центар за одржлив развој, за млад студент по педагогија беше местото каде можеше да се дојде до информации, споделување на различни гледишта, дружба.

Во време кога интернетот беше привилегија, Здружението “Регионален центар за одржлив развој” го нудеше бесплатно, стручната литература која беше на полиците ретко и да стоеше таму. За секој имаше по нешто. Присуствував на многу дебати, обуки, требини, многу различни мислења се проследија.

Регионалниот центар за одржлив развој полека стана место каде младите се пронаоѓаа себеси.

Обуките, дебатите, предавањата кои ги посетував, а кои беа организирани од страна на Регионалниот центар за одржлив развој, во голема мера ми помогнаа во зацврстувањето на самодоврбата, самосвеста и во креирањето на подобра јас.

Ја имав таа чест да бидам дел од проектниот тим, кој директно беше вклучен во реализирање на различни проектни активности. Проектите, што заеднички ги спроведовме, во одредена мера воведоа нова светлина во регионот.

Денес, кога како претседател на Здружението, ќе се свртам station наназад, ќе поразговарам со луѓето, кои беа тука пред мене, гледам дека Регионалниот центар за одржлив развој има светла иднина, и дека ќе продолжи да биде светлината на младите на патот кон подобра иднина.

За крај, јубилејот е само бројка, доколку зад него нема успех. Регионалниот центар за одржлив развој слави јубилеј исполнет со успеси, одлични проекти, убави луѓе.

Нека ни е честит јубилејот!

## Членови на оперативниот тим

Во Оперативен тим спаѓаат лицата, кои раководеле со проектните активности и биле ангажирани во редовен работен однос. Покрај нив, во проектните активности учествувале и поголем број на хонорарни соработници и лица ангажирани со договор за привремени и повремени работи. Членови на Оперативниот тим на канцеларијата биле:

-Борјанчо Мицевски 2003-2017

-Гоце Анѓеловски 2003-2008

-Јасмина Давитковска 2008-2016

-Катерина Ковачевска 2016-

**Имав чест да бидам значаен дел од РЦОР**



**Јорданка Шапкалиска 2008-2012**

Моите почетоци на соработка со РЦОР започнуваат во далечната 2004 година, поточно уште од првите години на неговото постоење, тогаш како Центар за поддршка на НВО. За мене тоа беше простор, каде со елан и задоволство, секојдневно ги користев услугите што ги нудеше. Меѓу нив: бесплатен пристап до интернет и компјутери-што во тоа време беше вистинска привилегија, како и пристап до сеопфатна и стручна литература, која придонесе кон оплеменување на мојот едукативен развој, па се до задоволството да се биде меѓу ентузијасти од различни генерации, посветени на зајакнување на локалниот активизам и сеопшт локален развој.Без разлика дали станува збор за култура, спорт, екологија...сето тоа се случуваше во просториите на РЦОР.

Во тоа време, таа канцеларија имаше повеќе посетители дури и од локалната автобуска станица. Во времето кога бев студент по социјална работа и социјална политика, која навлегуваше во водите на волонтеризмот, невладиниот сектор и можностите и предизвиците што ги носеа со себе обуките што ги организираше Центарот, за мене, а верувам и за многу други, претставуваа своевиден џек пот на полето на себеспознавањето, личниот развој и себедокажувањето преку ангажираност во различни области од општественото живеење.

Во подоцнежните години, во периодот од моето активно работење во РЦОР, имав можност да бидам дел од голем број различни проекти во улога на менаџер, асистент, соработник, учесник, а воедно и ученик.Овој период беше од суштинско значење за мојот персонален развој. Имав можност да се запознаам и да работам со поединци, професионалци, организации, со кои се залагавме за позитивен социо-економски и политички развој на регионот. Оттука започнува и моето активно делување и директна инволвираност во одредени социјални активности, најпрвин како волонтер, а потоа и како признат лидер.Вистинска привилегија, чест и задоволство, а воедно и огромна одговорност беше да бидам дел од еден прекрасен тим, кој несебично се залага за подобра иднина на сите во локалната заедница.

Земајќи го в предвид моето директно искуство со РЦОР, како и фактот дека низ

просториите на Центарот поминале стотици млади и возрасни, поединци и групи, кои имаат визија да направат нешто позитивно во средините во кои делуваат, е повеќе од доволно и несомнено за да се каже дека РЦОР беше и останува клучен фактор за канализација на сите расположиви сили кон креирање на подобро општество.

И за крај, лично за мене,да се биде дел од РЦОР претставуваше повеќе задоволство, отколку обврска.

Искрено, и од срце, Ви посакувам овој јубилеј да биде пресвртница за понатамошно и долгогодишно успешно дејствување.

Честит 15-ти јубилеј РЦОР!

Секогаш дел од Тебе,

Jordanka Yeakey



## Останати соработници

Активностите немаше да бидат успешни, ако во нив не учествуваше тим на професионални и одговорни соработници. Помеѓу нив ќе ги спомнеме: Зорица Давитковска, Ирена Младеновска, Мустафа Јакупов, Лидија Ташевска, Драган Шапкалиски, Сања Младеновска, Дара Коцева, Александар Митовски, Бојко Костадинов, Миле Трајковски, Соња............ Јован Трајковски и Далибор Петковски.

## Партнери, донатори и соработници

- Фондација Отворено Општество Македонија
- Европска Агенција за Реконструкција – КАРЦ програма
- Заеднички вредности- Скопје
- Министерство за економија на Р.Македонија
- Асоцијација „Партнери Дупница“ – Дупница, Република Бугарија
- Центри за поддршка на НВО во 11 општини во Македонија (Делчево, Неготино, Струмица,Гевгелија, Струга, Дебар, Ресен, Штип, Велес, Кичево, Прилеп)
- Младински образовен Форум -Скопје
- Вавилон центар Карпош-Скопје
- Транспарентност нулта корупција - Скопје

- Фондација за локален развој на заедницата-Штип
- Регионален центар за застапување-Делчево
- Мировен Корпус –Скопје
- Метаморфозис -Скопје
- Меѓународна финансиска корпорација -IFC
- USAID – Проект за рециклирање на пластика
- Македонски центар за европско Образование – МЦЕО (Евротинк)
- UNDP "Sustainable Mining Clean Up and Pollution Management in Bucim and Lojane Mines
- Амбасада на Кралството Норвешка – Скопје
- The Balkan Trust for Democracy
- Швајцарска агенција за развој – SDC
- Центар за институционален развој- ЦИРа – Скопје
- Civica Mobilitas
- Амбасада на САД - Скопје
- Канцеларија на Светска Банка - Скопје
- UNOPS Глобален еколошки фонд, Програма за мали грантови –GEF SGP
- Институтот за демократија „Социетас Цивилис" Скопје -IDSCS
- Програма за прекугранична соработка со Р.Бугарија IPA CBC 2007CB16IPO007
- Плоштад Слобода - Скопје
- Единица на локална самоуправа Кратово
- Единица на локална самоуправа Крива Паланка
- Единица на локална самоуправа Ранковце
- Единица на локална самоуправа Пробиштип
- Единица на локална самоуправа Куманово
- Единица на локална самоуправа Старо Нагоричане
- Единица на локална самоуправа Кочани
- ИПА Civil Society Facility
- Центар за интеркултурен дијалог Куманово – CID
- Иницијатива „Ајде"
- Иницијатива „Ние одлучуваме"
- Институтот за економски стратегии и меѓународни односи- Охрид
- Македонскиот институт за медиуми -МИМ
- Филмски фестивал Македокс
- „Ајде Македонија"
- Млади Европски Федералисти Македонија -JEF
- Центар за современи уметности- Скопје
- Проект на УСАИД за граѓанско општество
- Квантум Прима - Кавадарци
- Finance Think - Скопје
- Фото клуб Куманово
- НВО Инфоцентар- Скопје
- Здружение на жени „Спектар"- Кратово
- Здружение „Извор" -Кратово
- Центар за карпеста уметност- Кратово

- Здружение „Пчелар“- Кратово
- ЗГ„ Сончев Рид“ Рајковац -Кратово
- ЗГ „ЕГРИ“ -Крива Паланка
- Здружение „Импулс“- Кратово
- Здружение РРОМА- Кратово
- Центар за независни граѓански иницијативи -Кратово
- Екократер- Кратово
- Музеј на град -Кратово
- Дом на култура- Кратово
- Пактис - Прилеп
- КХАМ -Делчево
- Младински Сојуз– Крушево
- Етно куќа „Шанчева“ – Кратово
- Центар за поддршка на заедницата – Ресен
- Центар за одржлив развој „Порта" – Струмица
- Центар за одржлив развој на заедницата-Дебар
- Регионален центар за одржлив развој – Гевгелија
- Здружение за развој и активизам „Аква"- Струга
- Фондација за локален развој и демократија "ФОКУС" -Велес
- Фондација за поддршка и развој- Прилеп
- Фондација за развој на локалната заедница –Штип
- ЗГ Центар за развој на заедницата –Кичево
- Центар за локален развој „АНТИГОНЕА" –Неготино
- Регионален центар за застапување –Делчево
- ГЛОБУС- Софија
- Балканска Младинска Фондација
- Еднакви за сите – Кочани
- Коло на српските сестри – Куманово
- Организација на жени - Свети Николе
- Пал плус- Крива Паланка
- ЗГ „Спектар“-Крива Паланка
- Организација на Црвен Крст- Кратово
- Организација на Црвен Крст -Крива Паланка
- Дром -Куманово
- Даја -Куманово
- Акција Здруженска- Скопје
- Здружение на пензионери - Кратово
- Здружение на родители на лица со посебни потреби -Кратово
- ЦЕПРОСАРД – Скопје
- МАЦЕФ – Скопје
- Тивкото мнозинство – Гласно – Штип
- Младинска алијанса – Тетово
- Пирински туристички форум - Благоевград
- Центарот за научни истражувања и промоција на културата HAEMUS од Скопје
- Државната агенција за заштита на лични податоци -Скопје

# Проектни активности и делување во заедницата

**П**роектот на кој се темелат почетоците во работата на Здружението е благодарение на проектот : **„Центар за поддршка на НВО во социјално и неразвиените подрачја во Македонија“**

**Локација:** Кратово

**Таргет група:** НВО

**Активност:** Отворање на Центар за поддршка на невладините организации од регионот на Кратово, Крива Паланка, Ранковце и Пробиштип.

**Период:** октомври 2003 – октомври 2006

**Буџет на национално ниво за сите 8 центри:** 1.980.282 €

**Донатор:** ЕАР- КАРЦ програма, ФИООМ

Основна улога на Центарот беше зголемување на капацитетите на НВО за лобирање, застапување, одговорност и одржливост. Центарот организираше состаноци, тркалезни маси и работилници за НВО и локалните власти и иницираше активности од заеднички интерес за заедниците. Во исто време, овие центри ја играа улогата и на Информативни точки на Европската комисија, преку кои се дистрибуираа тековни и информации од општ интерес, со што се засилуваше улогата на граѓанското општество и соработката со локалните институции и бизнис секторот. Исто така, се работеше и на надминување на етничките бариери и градењето на мултиетничко општество.

На почеток на 2004 година, во регионот што го покриваше Центарот за поддршка на НВО Кратово, егзистираа околу 150 невладини организации, за таа бројка на крајот од проектната активност, во јуни 2006 година,да достигне околу 200. Според профилот, овие организации можеа да се поделат на следниов начин: Заштита и унапредување на животната средина, локален економски развој и екологија -33 ; Лов, риболов и спортски здруженија -54 , Човекови права и млади - 23 ; Женски организации – 12; Земјоделие, сточарство, овоштарство и пчеларство - 16 ; Здравствена заштита и заштита на лица со пречки во развојот и хендикеп – 15; Фолклор, уметност и култура – 5; Промоција на културно-историското наследство и развој на туризмот - 8 ; Хуманитарни организации - 5 ; Заштита и просперитет на етнички групи во заедницата – 8; Развој на информатичка технологија и сродни науки – 3; Останати - 15.

Во овој период, основна активност што се спроведе, беше зголемување на членството и зајакнување на капацитетите на постоечките и новоформираните организации. За таа цел, се спроведоа низа обуки, локални иницијативи, вмрежувања, посети и активности за регрантирање. Спроведените активности се прикажани во следниве табели:

## Градење на капацитетите на граѓанските организации

| No. | Наслов | Спроведувач | Датум | Број на учесници |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Развој на НВО во Македонија | Акција Здруженска | 07-09.04.2004 | 21 |
| 2. | Развој на НВО во Македонија | Акција Здруженска | 07-09.04.2004 | 20 |
| 3. | Раководење со кампањи | Центар за институционален развој | 15-17.09.2004 | 20 |
| 4. | Комуникација со медиуми | НВО Инфо центар | 02-03.10.2004 | 17 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Раководење со проектен циклус | КОЦКА | 13-15.10.2004 | 19 |
| 6. | Комуникации | МАТА Скопје | 11-13.11.2004 | 21 |
| 7. | Партнерство | КОЦКА | 29.11.2004 | 19 |
| 8. | Статус, административно и финансиско работење на НВО | Консалтинг Корпорејшн | 11-12.12.2004 | 19 |
| 9. | Водство | Детра Центар Скопје | 17-18.01.2005 | 23 |
| 10. | Градење на тим и тимска работа | МА ТА Скопје | 03-04.02.2005 | 22 |
| 11. | Базична обука за женски организации | Акција Здруженска | 17-20.02.2005 | 22 |
| 12. | Базична обука за женски организации | Акција Здруженска | 17-20.02.2005 | 21 |
| 13. | Запознавање со ЕУ | МЦЕТ | 08-10.04.2005 | 18 |
| 14. | Запознавање со ЕУ | МЦЕТ | 16-17.04.2005 | 24 |
| 15. | Стратешко планирање МЦМС | | 20-22.05.2005 | 18 |
| 16. | Финансиска одржливост | МЦМС и COWI | 13-14.06.2005 | 22 |
| 17. | Лобирање и застапување | МЦМС и COWI | 15-16.06.2005 | 11 |
| 18. | Финансиска одржливост, застапување и лобирање | МЦМС и COWI | 15.09.2005 | 15 |
| 19. | Базична обука за НВО | Здруженска | 24-26.06.2005 | 22 |
| 20. | Базична обука за НВО | Здруженска | 15-17.07.2005 | 21 |
| 21. | Подобрување на презентација | МАТА Скопје | 12-13.09.2005 | 20 |
| 22. | Раководење на волонтери и управување со волонтерска работа | ЦИРа | 21-22.09.2005 | 15 |
| 23. | Комуникација со медиуми | НВО Инфо центар | 08.10.2005 | 22 |
| 24. | Обука за раководење со проектен циклус | Тим на тренери Б2 | 12-14.10.2005 | 19 |
| 25. | Акциски план на заедницата | Центар за институционален развој | 16-17.11.2005 | 20 |
| 26. | Акциски план на заедницата II модул | Центар за институционален развој | 14-15.12.2005 | 19 |
| 27. | Акциски план на заедницата III модул | Центар за институционален развој | 22-23.12.2005 | 19 |
| 28. | Управување со човекови ресурси | МЦМС | 03-05.02.2006 | 23 |
| 29. | Запознавање со ЕУ | МЦЕТ | 10-12.02.2006 | 23 |
| 30. | Запознавање со ЕУ | МЦЕТ | 17-19.02.2006 | 23 |
| 31. | Стратешко планирање | КОЦКА | 22-25.03.2006 | 20 |
| | **ВКУПНО УЧЕСНИЦИ** | | | **618** |

 

## Локални иницијативи, вмрежувања, посети

### Локални иницијативи

| No. | Наслов | Организација | Датум | Број |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Работилница за развој на алтернативниот туризам | ЗГ “Пријатели на Кратово“ | 18.10.2004 | 18 |
| 2. | Работилница „Карпеста уметност“ | Општински центар за Карпеста уметност | 02.11.2004 | 23 |
| 3. | Локална иницијатива бр.3 | Истражувачко-волонтерска асоцијација | 05.11.2004 | 35 |
| 4. | Децентрализација на локалната власт и вклученоста на НВО во ЕЛС | ЗГ "Импулс" | 30.03.2005 | 30 |
| 5. | Нови трендови во пчеларството | ЗП "Пчелар" | 15.02.2005 | 29 |
| 6. | Едукација за малигни заболувања на дојката | ЗГ "Катена Мунди" Кратово | 13.04.2005 | 24 |
| 7. | Еко хепенинг против глобалните климатски промени на Земјата | Еколошко друштво "Злетовица" | 14-15.05.2005 | 32 |
| 8. | Запознавање со дел од културното наследство | Општински центар за карпеста уметност | 24.05.2005 | 32 |
| 9. | Негување на македонскиот фолклор | ЗГ "Катена Мунди" Кратово | 28.07.2005 | 29 |
| 10. | Современо компиропроизводство | ЗПК "Паланачки компир“ | 28.08.2005 | 22 |
| | **ВКУПНО УЧЕСНИЦИ** | | | **274** |

### Вмрежување

| No. | Наслов | Организација | Датум | Број |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Формирање на лоби група | Организација на жени Пробиштип | 05-10.07.2004 | 50 |
| 2. | Поврзување на Кратово и Ресен преку мрежа на НВО за развој на алтернативен туризам | Пријатели на Кратово | 04.09.2004 | 32 |
| 3. | Вмрежување на женски организации | Здружение на жени „Роза“ Ранковце | 25.08.2004 | 20 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Посета на дневен центар- Делчево | Здружение на родители и деца заболени од церебрална парализа | 31.08.2004 | 31 |
| 5. | Иницијатива за вмрежување со Еколошки центар „Шталковица“ | ЗГ „Извор“ Кратово | 10.10.2004 | 22 |
| 6. | Размена на информации со НВО од Струмица | ЗЖ „Спектар“ | 23.05.2005 | 8 |
| 7. | Иницијатива за вмрежување на организации на жени | ОЖ Крива Паланка | 17.12.2005 | 27 |
| 8. | Одбележување на Светскиот ден на здравјето | Центар за лица со пречки во развојот „ПОРАКА“ | 01-10.04.2006 | 44 |
| | **ВКУПНО УЧЕСНИЦИ** | | | **234** |

## Посети

| No. | Наслов | Организација | Датум | Број |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Саем на стари занаети и рачни ракотворби | ЗГ „Катена Мунди“ Кратово | 05.09.2004 | 34 |
| 2. | Посета на Саем за пчелари | ЗПГ „Пчелар“ | 02.04.2005 | 44 |
| | **ВКУПНО УЧЕСНИЦИ** | | | **78** |






## Проекти за регрантирање на НВО

### Бесплатен интернет за НВО

| No. | Организација<br>денари | денари |
|---|---|---|
| 1. | Еколошко друштво „Флора“ од Крива Паланка | 12.000 |
| 2. | „Напредок –Ангилипе“ од Крива Паланка | 11.000 |
| 3. | Здружение на производители на компир „Паланечки компир“ од Крива Паланка | 10.000 |
| 4. | ЗГ "Граѓанска перспектива" од Пробиштип | 12.000 |
| 5. | ЗГ "Идеја Проект Акција" од Пробиштип | 12.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **ВКУПНО** | | 57.000 |

## Граѓански акции

| No. | Организација | Активност | Денари |
|---|---|---|---|
| 1. | ЗГ “Пријатели на Кратово“ | Активности за промоција на јавното мислење за иднината, довербата на граѓаните во законите и излегување на избори | 175.274ден |

## Проекти за регрантирање на НВО

| No. | Организација | Активност | Евра |
|---|---|---|---|
| 1. | ЗГ "Граѓански комитет за развој" | Помалку отпадоци, почиста околина, подобро здравје | 2.650 |
| 2. | ЗГ "ДПЗПМ"-Кратово | Валоризација на природните реткости во Осоговскиот регион | 1.545 |
| 3. | ЗПГ "Пчелар"-Кратово | Основни принципи на органското пчеларење | 1.490 |
| 4. | ЗГ "РОШ Светлина" | Запознавање на ромската популација за почетокот и целите на ромската декада | 978 |
| 5. | ЗГ "Сончев рид"- Рајковец | Собирање на отпадна пластика и нејзино дробење | 2.976 |
| 6. | ЗГ МКЦ-ОРО | Граѓанското образование на возрасните-пат за членство во ЕУ | 2.288 |
| 7. | ОЖ "Спектар"-Кратово | Вработување во сопствен мал бизнис | 2.486 |
| 8. | ЕД "Злетовица"-Пробиштип | Помалку отпад за почист град | 2.313 |
| 9. | ЗГ "Пријатели на Кратово" | Пос тавување на информативни плочи на културно-историските споменици во Кратово | 1.793 |
| | **ВКУПНО** | | **18.519 €** |






Од октомври 2006 година, Здружението отпочна самостојно да ја гради сопствената стратегија и дејствување на терен. Во периодот штп следуваше, па се до денес, имплементирани се поголем број на проекти,дел самостојно, а дел во партнерство со други организации, мрежи и

коалиции. Од претходното постоење, продолжи соработката со новите воспоставени правни субјекти како неформална мрежа на Центри за поддршка на НВО во 12 општини.

Следи листа на имплементирани проекти од страна на Здружението, самостојно или во партнерство со други здруженија и фондации.

1. Име на проектот: **„Живеење во мултиетничка средина, граѓани со еднакви права, можности и заштита“**
   Локација: национално ниво
   Таргет група/област: права на етнички заедници
   Активност: Подобрување на статусот на малцинските групи и зајакнување на капацитетите за активно учество во креирањето на јавните политики на локално и национално ниво.
   Период: 2007-јуни 2009
   Буџет:1.298.500 (979.983€ ЕК, 318.517€ FIOOM)
   Партнери: ФИООМ, Заеднички вредности Скопје и 12 поранешни ЦП НВО

2. Име на проектот: **„Младите за отворено општество- локални младински иницијативи“**
   Локација: Кратово
   Таргет група: млади луѓе на возраст од 14-18 години
   Активност: Активностите што се спроведуваат преку проектот се насочени кон подобрување на социјалниот животот кај младите, формирање на клубови за локална младинска иницијатива и дебатни клубови, дебатни школи, организирање на културни настани и иницирање на активности, кои по согледување на младите, се неопходни и недостасуваат во нивниот секојдневен живот.
   Во рамки на проектот поведени се две иницијативи и тоа; за отворање на градското кино и за издавање на локален весник.
   Период: 2008-2010
   Буџет на национално ниво:80. 000 евра
   Партнер(и): Младински образовен Форум, 12 ЦП НВО, Вавилон центар Карпош-Скопје

3. Име на проектот: **„Да не дозволиме пластиката да го надживее човекот“**
   Локација: Кратово, Крива Паланка, Ранковце и Пробиштип
   Таргет група/област: екологија
   Активност: Собирање и рециклирање на ПЕТ амбалажа
   Период: 2007- февруари2009
   Буџет:23. 032$
   Партнер(и): ЗГ „Сончев Рид Рајковац“ Кратово

4. Име на проектот: **„Истражување во областа на примарното здравство“**
   Локација: Штип, Македонска Каменица и Кратово
   Таргет група/област: здравство
   Активност: Квалитет на услуги во примарното здравство и начин на функционирање
   Период:октомври 2007- април 2008
   Буџет:5. 000€
   Партнер(и): „Фондација за локален развој на заедницата“ Штип и „Регионален центар за застапување“ Делчево





5. Име на проектот: **„Волонтер-Екологија-Кратово“**
   Локација: Кратово
   Таргет група/област: животна средина, екологија
   Активност: Набавка на заштитна облека и опрема за членовите на Волонтерскиот еколошки клуб за спроведување на еколошки активности, набавка на 15 мали и три големи сада за депонирање на отпад.
   Период: 2009
   Буџет:1.825 $
   Донатор(и): Мировен Корпус- Програма за мали грантови

6. Име на проектот: **„Зајакнување на НВО секторот во Осоговскиот регион“**
   Локација: Кратово, Крива Паланка, Пробиштип
   Таргет група: сите НВО во регионот
   Активност: Институционален грант за сопствен развој и развој на НВО во регионот
   Период: 2008
   Буџет: 7. 500 евра
   Донатор(и) – ФИООМ

7. Име на проектот: **„Зајакнување на мрежата на индивдуални собирачи на ПЕТ амбалажа “**
   Локација: Кратово, Пробиштип, Ранковце, Куманово, Велес и Крива Паланка
   Таргет група: лица кои се занимаваат со собирање, рециклирање и преработка на ПЕТ амбалажа
   Активност: Организирање на едукативни предавања, тренинг за тренери, набавка на заштитна облека за собирачите, организирање на едукативни трибини и предавања, организирање на едукативни натпревари по повод на Денот на планетата Земја, олеснување на пристапот на индивидуалните собирачи до микрофинансирачки компании.
   Период: 01.11.2007-31.06.2008
   Буџет: 4.000 евра
   Донатор(и): IFC (International financial corporation)

8. Име на проектот: „**Активирај се! Селектирај, рециклирај и заштити ја сопствената животна средина“**
   Локација: Кратово, Крива Паланка и Ранковце
   Таргет група: жителите од општините Кратово, Ранковце и Крива Паланка
   Активност: Подигање на свеста на младите за заштита на животната средина и придонесување кон зачувување на истата, организирање на кампања за исфрлање од употреба на најлонските ќеси и набавка на 40 специјализирани контејнери за ПЕТ амбалажа за Кратово и Крива Паланка.
   Период: 01.12.2007-31.07.2008
   Буџет: 4.000 евра
   Донатор(и): ФИООМ







9. Име на проектот: **„Едукативни работилници за креирање на јавната свест од потребата за селектирање и рециклирање на различните видови на отпад“**
Локација: Кратово и Крива Паланка
Таргет група: ученици од основните училишта од Кратово и Крива Паланка
Активност: Организирање на едукативни работилници во основните училишта, дистрибуција на едукативен материјал и одбележување на Денот на планетата Земја
Период: март – јули 2008
Буџет: 1.000 евра
Донатор(и): USAID – Проект за рециклирање на пластика





10. Име на проектот: **„Акција за Европа“**
Локација: Кратово
Таргет група/област: сите граѓани во локалната заедница
Активност: Зајакнување на граѓанската свест за потребата од интеграција на Р. Македонија во ЕУ и одржување на едукативни работилници и дебати за предизвиците на Македонија кон членството во ЕУ
Период: јануари- декември 2009
Буџет:4. 800€
Партнер(и):МЦЕО и ФИООМ

11. Име на проектот: **„Граѓаните за Европска Македонија“**
Локација: Кратово, Пробиштип, Крива Паланка, Куманово
Таргет група/област: сите граѓани на регионално ниво
Активност: Критички осврт на случувањата и тековните процеси во општеството
Период:јуни 2009- февруари 2010
Буџет:4. 080€
Партнер(и):ЗГ „РЦОР“ , ФИООМ

 

12. Име на проектот: **„Акција за Европа“ II дел**
Локација: Кратово, Крива Паланка, Пробиштип, Кочани
Таргет група/област: сите граѓани во локалната заедница
Активност: Зајакнување на капацитетите на граѓанското општество како креатор на политиките на Владата и промотор на вредностите на отвореното општество за забрзување на процесот на интеграција на Р. Македонија во ЕУ. Во рамки на проектот одржани се пет тематски работилници на национално ниво (Ресен – алтернативен туризам, Велес – животна средина, Струмица -земјоделие, Кавадарци- вино и Кочани- алтернативни извори на енергија).
Период: март 2010- август 2010
Буџет:5. 820€
Партнер(и):МЦЕО и ФИООМ





13. Име на проектот: **„Собирање на факти, информирање на граѓани“**
Локација: Кратово
Таргет група: животна средина, екологија
Активност: Набавка на 3 GPS(Global Pozitioning Sistem) уреди, софтвер и камера за GIS(Geographic Information System), обука за членовите на РЦОР, РРОМА и ВЕК за работа со опремата и подготовка на флаер со диви депонии на територијата на општина Кратово.
Период: март 2010- мај 2010
Буџет: 3.937$
Донатор(и): - UNDP “Sustainable Mining Clean Up and Pollution Management in Bucim and Lojane Mines”

14. Име на проектот: **„Детски забавен парк“**
Локација: Кратово
Таргет група: млади
Активност: Набавка на опрема и уредување на Детски забавен парк во близината на ОУ „Кочо Рацин“ кај Здравствен дом Кратово.
Период: мај 2010 – август 2010

Буџет:2.720$
Донатор(и): Мировен Корпус- Програма за мали грантови

15. Име на проектот: **„Следење на доброто во процесот на добро владеење“.**
Локација:Кратово, Кочани, Крива Паланка, Куманово, Делчево
Таргет група:ЕЛС
Активност: Мониторинг на транспарентното работење на ЕЛС
Период:септември 2010-февруари 2011год.
Буџет:200.000 мкд
Донатор:Амбасада на Кралството Норвешка

16. Име на проектот: **Промоција на публикација „Транспарентни општини -задоволни граѓани“**
Локација: Кратово, Кочани, Крива Паланка, Куманово, Делчево
Таргет група: институции, ЕЛС, граѓани
Активности:Помоција на стандарди за добро управување и подготовка и дистрибуција на промотивни материјали
Период:февруари 2011-август 2011год.
Буџет:3.906$
Донатор: The Balkan Trust for Democracy





17. Име на проектот: **„Ресурси за отчетно, транспарентно и одговорно работење - РОТОР“**
Локација: Кратово, Пробиштип, Старо Нагоричане, Ранковце и Крива Паланка
Таргет група:Единици на локална самоуправа
Активности: **Промоција на практики и инструменти за транспарентно, отчетно и одговорно работење**
Период: април 2011-септември 2011год.
Буџет: 465.000 мкд
Донатор: SDC, ЦИРа, Civica Mobilitas

18. Име на проектот: **„За подобра општествена застапеност на жената Ромка“**
Локација: Кратово, Куманово, Пробиштип, Кочани, Крива Паланка
Таргет група: жени- припаднички на ромската етничка заедница
Активност: Градење на капацитети за застапување, лобирање и учество во градењето на локални политики што се однесуваат на ромската популација
Период: март 2011- март 2012 година

Буџет: 13.604$
Донатор:  Амбасада на САД во РМ

19. Име на проектот: **„Енергетските ресурси - Виза за зелена иднина“**
Локација:Кратово, Пробиштип, Ранковце, Старо Нагоричане, Крива Паланка
Таргет група: институции на локално ниво, основни училишта, граѓани
Активност: Искористување на потенцијалите за енергетска ефикасност
Период: јуни 2011- март 2012 година
Бучет: 14.000$
Донатор: Канцеларија на Светска Банка Скопје

20. Име на проектот: **„Младите за отворено општество-локални младински иницијативи“**
Локација: Кратово
Таргет група: млади
Активност: Локални младински иницијативи, дебати
Период: април 2011- март 2012
Буџет: 101.650 мкд
Донатор: Младински образовен форум





**21.** Име на проектот: **„Младите за отворено општество-локални младински иницијативи“**
Локација: Кратово
Таргет група: млади
Активности: Локални младински иницијативи, дебати, обуки, младински политики, аргументирано изразување, слобода на здружување.
Период: април 2012- март 2013
Буџет: 150.613 мкд
Донатор: Младински образовен форум

22. Име на проектот: **„Крива Паланка енергетски ефикасна општина-успешна општина“**
Локација: Крива Паланка
Таргет група: општо
Активност: Намалување на трошоците за јавно осветлување преку спроведување на истражување, замена на постоечките светлечки тела за јавно осветлување, замена на светлечки тела во институции и спроведување на кампања за енергетска ефикасност.
Период: февруари 2012- јануари 2013
Буџет:36.262$
Донатор: UNOPS, GEF-SGP

23. Име на проектот: **„Поддршка на центри во заедницата“**
Локација: Крива Паланка, Кратово, Куманово, Пробиштип
Таргет група: општо
Активност: Следење на процесите на децентрализација и јавни набавки на локално ниво.
Период: јануари - декември 2012
Буџет:703.617 мкд
Донатор: ФООМ

24. Име на проектот: **„Волонтерски сервис за помош на стари лица и лица со посебни потреби“**
Локација: Кратово
Таргет група:самечки домаќинства, стари лица и лица со посебни потреби
Активност: Оформување на волонтерски сервис за помош на стари лица и лица со посебни потреби во домашни услови. Изградба на инклузивно општество со еднаков третман и можности за сите поединци во него.
Период: септември 2012- август 2013
Буџет:19.991$
Донатор: USAID






25. Име на проектот: **„Твој интерес - моја европска иднина“, во рамки на проектот „Граѓанска мрежа за спречување на конфликт на интереси“**
Локација: Кратово, Пробиштип, Крива Паланка, Кочани
Таргет група:локални јавни институции и бизнис сектор
Активност: Истражување на судир на интереси во процедурите и постапките за јавни набавки на локално ниво.
Период: август2014- ноември 2014
Буџет: 225.573 евра / 3.000 €
Донатор: IPA 2013/333-686 и IDSCS





26. Име на проектот: **„Рок и поп граници“**
Локација: Р. Македонија, Р. Бугарија
Таргет група: автори и изведувачи на рок и поп музика, на возраст од 13-25 години
Активност: Креирање на сцена и привлекување на нови слушателски публики на рок и поп музика
Период: декември 2013- декември 2014 година
Буџет: 82.119,49 €
Донатор: IPA CBC 2007CB16IPO007-2012-3-005





27. Име на проектот: **„Дојди куде три бора, да ти кажу два три збора“**
Локација: Градски парк Карши Бавча
Таргет група: пензионери, возрасни, млади
Активност: Изградба на дрвен мост на локалитет во Градски парк Карши Бавча и одбележување на 660 години од постоењето на кратовските борови
Период: март-јули 2014
Буџет: 30.000
Донатор: Плоштад Слобода, ЕЛС Кратово





**28.** Име на проектот: **„Развој на локални младински политики и локално младинско учество во 12 општини“**
Локација: Кратово
Таргет група: млади
Активности: Иницијатива за формирање на Локален младински совет на Кратово.
Период: јуни 2014- јуни 2015 година
Буџет: 4.000 €
Донатор: ИПА Civil Society Facility, MOF, CID

29. Име на проектот: **„Развој на локални младински политки и локално младинско учество во 12 општини“**

Локација: Национално ниво
Таргет група: млади
Активност: Формирање на Локални младински совети во 12 општини
Период: 2014-2015
Буџет: /
Донатор: МОФ, ЦИД, ЕЛС Кратово

30. Име на проектот: **„Проект на УСАИД за интеграција во средното образование“**

Локација: Кратово
Таргет група: млади
Активности: Интегрирање на младите во образовниот систем, меѓуетничка интеграција, дебата.
Период: октомври 2013- мај 2014
Буџет: 1.500 €
Донатор: УСАИД, МОФ

31. Име на проектот: **„Проект на USAID за граѓанско општество“**

Локација: Кратово
Таргет група: млади
Активности: Младински активизам, младински дебатни клубови, учество на дебатни турнири.
Период: јануари 2014- јуни 2015 година
Буџет: 2.500 €
Донатор: УСАИД, МОФ





32. Име на проектот: **„Петиција против неуставноста на законот за плаќање на придонеси на хонорар “**

Локација: национално ниво
Таргет група: сите граѓани на Р. Македонија
Активност: Иницијатива за преиспитување на уставноста на пакетот од 8 закони, со кои на лицата кои примаат парични средства врз основа на авторски договор, договор за дело и друг договор, им се наметна обврска да плаќаат придонеси за задолжително социјално осигурување што вклучува и придонеси за пензиско и здравствено осигурување.
Период: март – април 2015
Буџет: 10.000 мкд

Донатор: Иницијатива Ајде

33. Име на проектот: „**Стратегијата на граѓанското општество за спречување на судирот на интереси во јавната администрација** “
    Локација: национално ниво
    Таргет група: јавни институции, граѓани
    Активност: Подготовка на Стратегија за спречување на судирот на интереси во јавната администрација
    Период: 2015
    Буџет: 180.000 мкд
    Донатор: Институт за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје (ИДСЦС), Институт за економски стратегии и меѓународни односи „Охрид“ (ОИ) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ).

34. Име на проектот: **„Младински кино клубови “**
    Локација: Кратово
    Таргет група: млади
    Активност: Проекција на документарни филмови и дебата по однос на содржината на филмовите
    Период: март-октомври 2015
    Буџет: /
    Донатор: МОФ, Филмски фестивал Македокс

35. Име на проектот: **„Лидери на заедницата “**
    Локација: Кратово
    Таргет група: локална заедница, домашни и странски посетители
    Активност: Промоција на културно-историското наследство на Кратово, со акцент на староградската архитектура, старите порти, балкони и тераси, алат и прибор што се користел во домаќинствата,како и промоција на традиционалната кујна од овие простори. Издавање на публикација „Кратово – музеј под отворено небо“, печатење на разгледници и организирање на награден конкурс за фотографија.
    Период: 07.2015 -12.2015
    Буџет: 8.000$
    Донатор: FOOM

36. Име на проектот: **„Македонија без отпад 2015“**
    Локација: Кратово
    Таргет група: локална заедница
    Активност: Расчистување на дивите депонии во Карши Бавча и по течението на речното корито со 40 волонтери
    Период: 3.10.2015
    Буџет: /
    Донатор: Ајде Македонија

37. Име на проектот: „**Урбани уметнички акции“**
    Локација: Кратово
    Таргет група: локална заедница

Активност: Санација на анфитеатарот во Градски парк „Карши Бавча“ и реновирање на местата за седење
Период: ноември-декември 2015
Буџет: 24.000 мкд
Донатор: Центар за современи уметности Скопје

38. Име на проектот: **„Волонтерство во боја“**
Локација: Градски парк „Карши Бавча“ Кратово
Таргет група: млади
Активност: Бојадисување на столчињата во Градски парк „Карши Бавча“ и уредување на непосредната околина
Период: мај 2016
Буџет: 20.000 мкд
Донатор: Проект на УСАИД за граѓанско општество

39. Име на проектот: **„Поддршка за вработување на младите во Кратово“**
Локација: Кратово
Таргет група: млади, бизнис сектор
Активност: Истражување за потребите на трудот кај бизнис секторот во Кратово и насоки за професионална ориентација на младите
Период: 11.2015 -03.2016
Буџет: 30.800 мкд
Донатор: МЦЕО Скопје

40. Име на проектот: **„Кост–бенефит анализа за изградбата на делницата од автопатот Демир Капија - Смоквица“**
Локација: национално ниво
Таргет група: капитални инвестиции во областа на инфраструктурата
Активност: Подготовката на кост–бенефит анализа на државната политика од областа на инфраструктурата, поконкретно, анализа на изградбата на делницата од Коридорот 10, од Демир Капија до Смоквица.
Период: јануари – март 2016
Буџет: 30.000 мкд
Донатор:  Квантум Прима од Кавадарци и Finance Think од Скопје.

41. Име на проектот: **„Меѓународна изложба на фотографии“**
Локација: РЦОР Кратово
Таргет група: домашни и меѓународни посетители
Активност: Организирање на изложба од шеесетина дела од домашни и нтернационални мајстори на фотографија
Период: мај 2016
Буџет: /
Донатор: Фото клуб Куманово

42. Име на проектот: **„Контрапротести vis-á-vis протести“**
Локација: национално ниво
Таргет група: целокупната  јавност
Активност: Истражување на перцепцијата на граѓаните во Република Македонија во однос

на контрапротестите- дали тие ги унапредуваат или ги гушат демократските процеси во државата
Период: април-јуни 2016
Буџет: 20.000 мкд
Донатор: НВО Инфоцентар Скопје






43. Име на проектот: **„Донација на спортска опрема за ТК Кратово- Кратово"**
Локација: Кратово
Таргет група: членови на ТК Кратово, млади од општина Кратово
Активност: Прибирање на финасиски средства и набавка на опрема за ТК Кратово од Кратово
Период: јануари – јули 2016
Буџет: 84.681 мкд
Донатор: доброволен прилог на поголем број физички лица

44. Име на проектот: **„Месните заедници-основна клетка во процесот на демократско одлучување"**
Локација: регионало ниво: Кратово, Крива Паланка, Пробиштип, Ранковце, Старо Нагоричане
Таргет група: Месни самоуправи во овие 5 општини, ЕЛС, граѓани
Активност: Истражување за степенот на вклученост на МЗ во процесот на носење  одлуки на локално ниво
Период: 08.2016 - 03.2017
Буџет: 10.000$
Донатор: ФООМ

45. Име на проектот: **„Бунт против отпадот 2016"**
Локација: различни локации на локално ниво
Таргет група: млади, локална заедница
Активност: Еколошка акција на 25 волонтери во соработка со Асоцијацијата „Ајде Македонија" за расчистување на диви депонии и смет од повеќе локации во Кратово
Период: октомври 2016
Буџет: /
Донатор: Ајде Македонија

46. Име на проектот: **„Ние одлучуваме“**
Локација: национално ниво
Таргет група: сите граѓани со право на глас
Активност: Кампања за промоција на демократски права и вредности за да се сведат на минимум сите неправилности и злоупотреби на гласачкото тело за предвремените парламентарни избори на 11 декември 2016г. Кампањата се спроведуваше преку издавање и дистрибуција на весник, непосреден контакт со гласачите, кампања на социјалните мрежи, како и поголем број на други активности. Во кампањата се вклучија над 200 активисти од 20 различни невладини организации.
Период: октомври-ноември 2016
Буџет: 69.232 мкд
Донатор: ФООМ

47. Име на проектот: **„Учиме, комуницираме и градиме просперитетни мултиетнички односи во Североисточниот плански регион на Македонија“**
Локација: СИПР
Таргет група: претставници на различни етнички заедници во државата
Активност: Едукација, работилници и камп за претставници на различни етнички заедници, кои живеат во општините од регионот.
Период: 2016-2018
Буџет: /
Донатор: Носител ЗЖ „Спектар“ Кратово

48. Иницијатива: **Помош за семејство настрадано во поплавите на 6 август 2016г**.
Локација: национално ниво
Таргет група: неопределено
Активност: Прибирање на финасиски средства за настрадано семејство
Период: август - ноември 2016
Буџет: 126.500 мкд
Донатор: различни физички лица преку Фондација Т Мобиле и ВИП ОНЕ оператор

49. Име на проектот: **„Запознај го Кратово на велосипед“**
Локација: Кратово и Осоговски регион
Таргет група: домашни и странски посетители во регионот
Активност: Набавка на 4 велосипеди и промоција на различни туристички дестинации, што можат да се посетат со велосипед. Подготовка на промотивни материјали, брендирање на велосипеди и нивно изнајмување за потребите на различни посетители
Период: ноември 2016 – јуни 2017
Буџет: 20.900 мкд
Донатор: Министерство за економија на Р.Македонија






## Младински волонтерски клуб

**В**о рамки на проектот Локални младински Иницајтиви, а во соработка со Младински образовен форум од Скопје, во 2008 година, во 12 градови, меѓу кои и Кратово, за потребите од промоција и зголемување на видливоста на младинските прашања и политики, оформен е Младински волонтерски клуб. Овој клуб имаше за цел да биде наменет само за ученици од средното учичиште, кои ќе лоцираат локални проблеми и ќе предлагаат решенија на креативен начин. Во мај 2008година, Клубот беше основан од 5 члена: Павле Зафиров, Мите Атанасов, Дарко Англевски, Марија Арсовска и Елена Досева.

Со Младинскиот волонтерски клуб раководеше Јасмина Давитковска. Со текот на годините, благодарение на многубројните реализирани активности, Клубот го зголемуваше бројот на членови, а со оглед на тоа што тие беа средношколци, како природна последица и составот на членството се менуваше. Во просек, секоја година членуваа од 15-17 членови. За потребите на Клубот, во 2010 година тој беше именуван како „Млади иницијативни волонтери“ (МИК) и тогашните членови основаа сопствен блог: http://mik.yolasite.com/.

Со текот на годините, овој клуб беше вклучуван во повеќе проекти, па така, со текот на времето, се усоврши до дебата, како формално аргументирање во јавност. Сепак, првата активност беше покренувањето на иницијатива за отворање, односно реновирање на Градското кино. Имено, на 19 јуни 2008г., малиот број на членови, но, сепак, доволно амбициозни и ентузијастички настроени, организираа голем настан под отворено небо, под мотото „Сакам кино! А ти?“. Овој настан се спроведе со проекција на 10 документарни филмови во вечерните часови, под отворено небо на платото пред Домот на клутурата во Кратово. Истиот настан беше збогатен со музички настан на тогаш популарниот бенд – „Паркети“. За време на целиот настан, младите волонтери собираа потписи од посетителите за поддршка на нивната иницијатива за реновирање на киното, која петиција подоцна беше доставена до општината, односно до Секторот за Локален економски развој во Кратово. реализирани, Во декември истата година, овој клуб, преку печатење на еднократен весник „Чаршија“, го актуелизираа прашањето, односно проблемот на непостоење на локален медиум во Кратово во тоа време. Овој весник беше издаден во 1000 примероци.







Во текот на 2010,пак, беа организирани неколку настани меѓу кои ги издвојуваме: Учеството на националниот настан во Велес на 18 декември, а по повод резултатите од истражувањето за огромниот процент на млади кои сакаат да ја напуштат Македонија, Организирање на јавна дебата за потребите на лицата со посебни потреби во Кратово, под наслов „Направи мало дело за голема радост“, Организирање на хуманитарна акција за собирање и поделба на облека за триесетина самохрани родители и приматели на социјална помош и Учеството во подготовките на хуманитарниот концерт за потребите за операција на Владислав Андреевски.

Во текот на 2011 и 2012 година, членовите на Младинскиот клуб зедоа учество, односно, посетија многубројни обуки и работилници во просториите на Регионалниот центар за одржлив развој, меѓу кои: Аргументирано изразување, Организирање на јавен настан, Нови медиуми, Граѓански иницијативи, Дебата, Креирање на политики, Младинско здружување и многу други. Во овој контекст, младите волонтери беа учесници и на Летни академии во Маврово, Струга и Дојран, организирани од страна на Младинскиот образовен форум од Скопје.

Во текот на 2013 година, младите волонтери ги забележија и своите првични успеси во дебата. Имено, во март 2013 година**,** во рамки на проектот „Локални младински иницијативи“, во Штип се одржа Регионален квалификациски дебатен турнир, на кој учествуваше еден тим од ЛМК „МИК“ од 3-ца членови и еден член/асистент од Кратово. Тимот од Кратово оствари 3 победи од вкупно 4 дебати и на тој начин се квалификува за учество на Националниот дебатен турнир, што се одржа во Скопје од 13 – 15 април 2013 година.

На 30 мај 2013 година, во Мултимедијалниот центар – Градското кино „Напредок“ во Кратово се одржа настанот ,,Проактивни млади – подобро општество“. Програмата на настанот беше составена од две кратки театарски претстави за вклученоста, односно, исклученоста на младите во носењето на одлуки на локално ниво, јавна трибина на тема „Проблемите на младите во градот, нивната исклученост во носење одлуки на локално ниво и ниското ниво на комуникација со јавните институции“, како и настап на неколку млади музички таленти од Кратово.

Во рамки на овој проект, на ден 21 ноември 2013 година, членовите на МИК остварија посета на Основниот суд во Кратово. Целта на оваа посета беше запознавање на учениците-членови на МИК со функциите и надлежностите на еден основен суд како јавна институција.

Во текот на месец април 2014 година, членовите на Волонтерскиот клуб спроведоа акција за помош на малата Ања, која има 4 години и боледува од церебрална парализа со идиопатска епилепсија. Неа и беа потребни 4500 евра за операција во Турција. Нејзиното семејство, со месечни приходи од само 8000 денари, не беше во состојба да ги плати овие средства. Токму поради тоа, се спроведе акција за прибирање на доброволни прилози, покажувајќи ја својата хуманост на дело. Акцијата беше добро прифатена, а собраните средства беа уплатени на отворената сметка за донации.





Во рамки на Проектот на УСАИД за граѓанско општество и во соработка со Младински образовен форум од Скопје, се одвиваа редовни предавања за дебата по форматот World School. Во рамки на оваа програма, членови на Дебатниот клуб имаа можност да учествуваат на дебатни турнири. Така, во периодот од 24- 26 април 2015 година, на ФОН Универзитет во Скопје се одржа Националното дебатно првенство Macedonia Open 2015. Од 18-20 декември 2015г. во Скопје се одржа и Националното дебатно првенство за почетници, на кое учество зедоа вкупно 8 членови од Кратово.

Во рамки на проектот за Младински кино-клубови, кој го спроведе Филмскиот фестивал „Македокс" – Скопје, во соработка со Радио МОФ, во просториите на РЦОР беа спроведувани проекции на документарни филмови. Проектот беше подржан од National Endowment for Democracy - Вашингтон, САД и истиот имаше за цел да се подигне свесноста за човековите права со посредство на креативната документаристика. Во рамките на овој проект, членовите имаа можност да ги гледат следните документарни филмови: „Алфабет", „Девојката модел", „Мал свет", „Најсреќната кикиритка на светот", „Зависник од интернет", „Соочување со животните", „Куса историја на Џон Балдесари" и „Тулибудибудачу". После секоја проекција следуваше дискусија за темата третирана во секој филм. Модератор на овие активности беше Сашо Н. Алушевски од „Македокс" - Скопје.

Во текот на 2014 година, младите волонтери беа вклучени во проектот „Развој на локални младински политики и локално младинско учество во 12 општини". Овој проект беше насочен кон младите луѓе, младинските организации и сите форми на младинско здружување и на локалната самоуправа. Главната цел, пак беше зајакнување на капацитетите на младинското здружување на локално ниво, нивно формално препознавање од страна на општините, како и заедничка работа за унапредување на младинските политики на локално ниво, преку развој на младински активизам, младинска работа и младинско учество во процесите на донесување на

одлуки. Проектот вклучуваше соработка со локалните самоуправи, локални акции и јавен процес на основање Локални младински совети. Во рамки на истиот беа спроведени вкупно 10 дводневни обуки наменети за членовите на младинското јадро и Инцијативниот одбор. Обуките беа за младински политики, застапување и лобирање, аргументирано изразување, организирање на настани, организациски менџмент, нови медиуми и работа на локалната самоуправа. Во перидот од 30 јуни до 5 јули 2014 година, тројца членови на Иницијативното јадро за формирање Локален младински совет во Кратово, заедно со 60-тина млади од Македонија, оствариjа студиската посета на Солун. Целта на овој повеќедневен настан беше младите луѓе да слушнат успешни приказни и да разменат позитивни пракси со младински организации меѓу кои: Националниот младински совет, Младинскиот образовен форум од Скопје и Локалниот младински совет од Куманово. Притоа, учесниците се запознаа и имаа можност да разменат дискусии и искуства и со повеќе организации од Солун како што се: UNESCO Youth Club Thessaloniki, Youth Net Hellas, Ergani Centar, Enosi Pezon - Pedestrians Association of Thessaloniki, Family and children, Antigone, локални младински совети и организации- дел од Националниот младински совет на Грција и др. Меѓу другото, специјално за учесниците на студиската посета, беше органзиран разглед на Солун од страна на волонтерите на UNESCO Youth Club Thessaloniki. Во периодот од мај – јули 2015 г. беше изготвена Стратегијата за млади. Оваа активност се спроведе преку одржување на повеќе работилници со членовите на ЛМС Кратово. Стратегијата беше испечатена со поддршка на општина Кратово, со вкупен тираж од 300 броја. Промоцијата на Стратегијата за млади во Кратово 2015-2020 се одржа на ден 28 септември 2015 г., во просториите на СОУ „Митко Пенџуклиски“ – Кратово. Промоцијата беше водена од страна на претседателот на ЛМС, Даниела Тодосова, која воедно го претстави креирањето на ЛМС, објаснувајќи ја врската меѓу младите и општината, потребата младите да бидат активни и моќни иницијатори, кои ќе влијаат на одлуките на локалната самоуправа во насока на остварување на своите интереси итн.





Исто така, во текот на 2014г., во соработка со Младинскиот образовен форум, се спроведе и проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието, во рамки на кој беше одржана јавна дебата на тема “Формалното образование позитивно влијае на меѓуетничката интеграција помеѓу средношколците“. Јавната дебата се одржа на 30 октомври 2014 година, во холот на СОУ „Митко Пенџуклиски“. Четворица дебатери, поделени во афирмативен и негациски тим, дискутираа за влијанието на формалното образование во интеграцијата на средношколците со различен етникум.

Во 2015 година за прв пат се оствари соработка со „Младински сојуз“ од Крушево, во рамки на проектот “e-ENGAGEMENT”. Како дел од овој проект беше организирана еднодневна

едукативна работилница за млади. Главна цел  беше зајакнување и охрабрување на младите луѓе за користење дигиталните вештини, нови идеи и алатки, кои ќе им овозможат да бидат што повеќе вклучени во решавање на општествените прашања што влијаат врз нив. Работилницата во Кратово беше петта од вкупно 12 во различни општини (Гостивар, Кавадарци, Куманово, Крушево, Струга, Вевчани, Струмица, Гевгелија, Св. Николе, Делчево, Кратово и Штип). На работилницата во Кратово  учество зедоа повеќе од 40 млади луѓе.





Во 2015 година, благодарение на волонтерката на Мировен корпус, Алисон Смит, нашето Здружение започна соработка со „Ајде Македонија". По повод  Националниот ден на чистењето, во октомври, во Кратово, се спроведе акцијата „Македонија без отпад 2015", водена од здружението „Ајде Македонија" – Скопје. Повеќе од 40-ина волонтери учествуваа во акцијата, што се состоеше од чистење на отпадот од речното корито на Кратовска Река (во централното градско подрачје) и од паркот „Карши Бавча".  По успешното спроведување на акцијата „Македонија без отпад 2015" се одржа редовна седница на Собранието на Асоцијацијата „Ајде Македонија" – Скопје, која е главен носител на активностите „Македонија без отпад". На оваа седница беше донесена едногласна одлука за прием на Здружението „Регионален центар за одржлив развој" – Кратово како рампноправен член на Асоцијацијата.





Соработката со „Ајде Македонија" продолжи и во текот на 2016г., па така, повеќе од 25 волонтери од Кратово, на 1 октомври 2016г.,  исчистија од цврст  отпад неколку јавни локации во општината, меѓу кои речното корито на Кратовска Река, "Карши Бавча" и споменикот од НОБ. Притоа,  беше собрана поголема количина на отпад. Оваа акција е спроведена со поддршка на Швајцарската агенција за поддршка и развој (СДЦ), преку програмата „Цивика Мобилитас" и

компаниите „Осигурување Македонија“ и „Еконелектрон“. Преку оваа акција се вклучуваме и во Светската акција за чистење „Let’s do it world”. Во Кратово акцијата се спроведе во соработка со Општина Кратово.





За време на работата на Алисон Смит, како волонтер на Мировен Корпус, започна програмата **coeXist (Creating Opportunites for Education X Individuals Sharing Tradition),** поддржана од страна на американскиот Мировен корпус Македонија и „Регионалниот центар за одржлив развој“-Кратово. Истата беше водена од страна на Алисон Смит. Оваа програма се залага за поддршка на континуирана едукација на младите во Кратово и се заснова на премостување на јазот помеѓу македонската и американската култура и традиција, како и негувањето на уметноста и историјата од страна на млади креативни луѓе, главно преку активности под отворено небо. Во рамки на оваа програма се реализираа и активности наменети за членовите на Младинскиот клуб, со цел подобро запознавање на американската култура и усовршување на англискиот јазик. За таа цел, еднаш месечно да се спроведуваа различни активности и тоа: Jeopardy Quiz, Bingo Game, Movie Nights, Glow Camp Info session, Twister, Pictionary.

Во 2016 година, во рамки на Проектот на УСАИД за граѓанско општество, спроведувано од Фондацијата Отворено општество – Македонија, во соработка со четири граѓански организации (Младински образовен форум, Форум – Центар за стратегиски истражувања и документација, Центар за граѓански комуникации и Реактор – Истражување во акција), се спроведе волонтерска акција, Имено, околу 20-ина млади волонтери, на 15-ти мај 2016 година, спроведоа волонтерска акција „Волонтерство во боја" на локалитет „Карши Бавча“ во Кратово. Акцијата се состоеше од чистење на локалитетот од отпадоци, заштита на дрвена ограда на мостот, што е дел од локалитетот и фарбање на бетонските седишта на амфитеатарот во боите на македонското знаме (црвена и жолта).





## Законодавна иницијатива

**З**дружението „Регионален центар за одржлив развој“ од Кратово, во соработка со NDI и Здружението „Тивкото мнозинство - Гласно“ од Штип, покрена законодавна иницијатива под наслов: **„За пристојно работно време и соодветен приход за вработените во текстилната, конфекционерската и чевларската индустријата“**. Имено, досегашните информации говорат дека работниците во овие сектори понекогаш работат и по 70 часа неделно, за минимален приход од 7.000 до 9.000 денари. Условите за работа во најголемиот број на погони од оваа област, под напливот на странски инвестиции и приватен капитал, од ден на ден се се потешки и неиздржливи. Во услови кога и државата субвенционира определени работни позиции и упорно сака да привлече странски капитал врз грбот на работникот, прагот на сиромаштија, минималните плати, необезбедените услови за работа и непочитувањето на работничките права во оваа сфера, никогаш не биле на едно пониско рамниште и ниво.

Покрај оваа иницијатива, Здружението учествуваше и во подготовката на неколку други документи како: Стратегија за млади на Општина Кратово, Подготовка на Cost-Benefit анализа за енергетска ефикасност на Крива Паланка, Програма за социјална заштита на општина Кратрово, Иницијатива за поголема општествена застапеност на жената Ромка.

## Соработка со волонтерите на Мировен Корпус

**Raghu Bommasamudram**
**(Рагу Бомасамудрам)**
*Волонтер на Мировен корпус во Кратово,*
*2006-2008 год.*



"Neckless", Мите, мојот асистент, напиша на големиот флипчарт, додека предававме англиски јазик во НВО „Регионалниот центар за одржлив развој“. "Мислам дека значи “ѓердан", му реков на Мите“. Мора да направам околу 30 грешки на македонски за секој од Мите на англиски јазик. (Среќа за мене што Македонците се трпеливи и уживаат кога странците се обидуваат да го научат нивниот убав јазик). Дали има подобро место за усовршување на овие јазични разлики од НВО-центарот? Дури и сопственикот на мојот апартман беше дел од класот, што ги посетуваше моите часови по англиски јазик.

Борјанчо, Јорданка и Јасмина имаа важна улога во водењето на Центарот, комуницирање со граѓаните, овозможување на користење на просторот за учење на англиски јазик, компјутерски вештини, копирање на различни материјали и воопшто, со се. Македонците, и оние во Кратово, особено ја ценат важноста на учењето англиски и други јазици. Тоа ги поврзува со останатиот свет, им овозможува да ги споделат своите гледишта, култура и, што е најважно, многу им помага да остварат заработка. НВО Центарот обезбеди место за средба каде што другите наставници, како Зорица, можат да учат француски и италијански јазик. Место за локалните жители да користат компјутер за да ги подобрат своите вештини и место за поврзување со

“Neckless,” wrote my assistant, Mite, on the large flip chart while we taught an English class in the NGO Regional Center for Sustainable Development. “I think you mean “necklace,” I said to Mite. I must have made about 30 mistakes in Macedonian for each of Mite’s in English. (Lucky for me, that Macedonians are patient and take joy in foreigners attempting to learn their beautiful language).

What better place for facilitating such language exchanges than at the NGO center? Borjancho, and Jasmina were instrumental in running the facility, accommodating us with the use of their space, making copies of materials, and working on class enrollment. Even my landlord was in my class.

Macedonians and those in Kratovo especially, know the importance of learning English and other languages. It connects them to the rest of the world and enables them to share their viewpoints, culture, and most importantly, to make a living. The NGO Center provided a meeting place where other teachers like Zorica could teach French and Italian; a place for locals to use a computer to improve on their CVs, and a place to connect to loved ones overseas. It provided resources including a small library.

Ten years have now passed since I was a Peace Corps Volunteer in Kratovo, Macedonia. I have not forgotten nor will I ever forget how fulfilling it was to be there.

саканите во странство. Обезбеди ресурси, вклучувајќи мала библиотека. Поминаа десет години откако бев волонтер на Мировниот корпус во Кратово, Македонија, но не сум заборавил, ниту пак ќе заборавам, колку исполнувачки беше присуството таму.



**Jessica Meyer**
**(Џесика Мајер)**
*Волонтер на Мировен корпус во РЦОР, 2008-2010*

Working with the Regional Center for Sustainable Development Kratovo (Centar Kratovo) was a great experience for me during my Peace Corps Service from November 2008 to November 2010. It was clear that Borjancho Micevski, Jordanka Yeakey, and Jasmina Davitkovska all really cared about the people of Macedonia and worked to help make things better for citizens. I felt sad that the local and national governments were not doing much to help communities so I was glad the Centar Kratovo and other civil society organizations like Regional Roma Educational Youth Association – RROMA were doing community level work. I am grateful to have met Mustafa Jakupov, Daniela Janevska, Natasha Jakimovska, and Mirjana Maneva through collaborations with RROMA and with the Environmental Club "Volunteer Ecology Kratovo" (VEK). It was great the Centar Kratovo hosted the VEK meetings and kept the garbage clean up supplies for the club. Working at Centar Kratovo was a valuable experience for me to learn more about grant writing and community development. At first, I was not interested in teaching English but I am glad that Centar Kratovo wanted me to teach English to adults. Teaching English was fun and I learned a lot more about the fundamentals of the English language and more about the Macedonian language than I would have otherwise. It was wonderful to get to know the students and the other teachers like Aki Mitovski and Zorica Davitkovska. I am grateful to

**Р**аботата со „Регионалниот центар за одржлив развој Кратово" (Центар Кратово) беше големо искуство за мене, за време на мојата служба како волонтер на Мировен корпус, во периодот од ноември 2008 - ноември 2010 година. Очигледна беше грижата на Борјанчо Мицевски, Јорданка Јеки и Јасмина Давитковска за луѓето во Македонија и работеа со цел да помогнат да се направат работите подобри за граѓаните. Чувствував тага, од причина што локалните и националните власти не работеа многу во интерес на заедниците, па токму поради тоа ми беше мило што Центар Кратово и другите организации на граѓанското општество, како што се Регионалната ромска образовна младинска асоцијација – РРОМА, работеа за заедницата. Благодарна сум што ги запознав Мустафа Јакупов, Даниела Јаневска, Наташа Јакимовска и Мирјана Манева, преку соработка со РРОМА и со Еколошкиот клуб "Волонтерска екологија Кратово" (ВЕК). Беше одлично тоа што Центар Кратово беше домаќин на состаноците на ВЕК и во просториите на Центарот ги чувавме потребните реквизити на Клубот за чистење на јавните градски локации. Работата во Центар Кратово беше драгоцено искуство, кое ми

have meet and worked with so many wonderful people at Centar Kratovo.



овозможи да научам повеќе за пишувањето проектни апликации и развојот на заедницата. На почеток од мојата работа како волонтер, не бев заинтересирана за држење часови по англиски јазик, но сепак драго ми е што Центар Кратово сакаше да подучувам англиски за возрасни. Самото држење часови по англиски јазик беше забавно и научив многу повеќе за основите на англискиот јазик и повеќе за македонскиот јазик, отколку што би имала без тоа. Беше прекрасно да се запознаат учениците, како и другите наставници, Аки Митовски и Зорица Давитковска. Благодарна сум што се сретнав и работев со толку многу прекрасни луѓе во Центар Кратово.

**Harry Sargent,**
**(Харолд Сарџент)**
*Волонтер на Мировен корпус во Кратово, 2013-2014*



**Ј**а имав честа и привилегијата да работам со Борјанчо, управителот на „Регионалниот центар за одржлив развој„ во Кратово, човек посветен на идејата Македонија да стане независна земја, вклучувајќи ги сите во неа, без оглед на националното потекло, етничката или верската припадност. Борјанчо неуморно работеше на развивање и имплементирање на програмите потребни во рамките на заедницата, честопати во услови на несогласување, предрасуди и политика. Исто и Јасмина, вреден асистент на претседателот и програмски менаџер,која беше посветена на истражување, имплементирање и одржување на различни социјални сервиси во Кратово и околината. Покрај тоа, Јасмина ги охрабруваше средношколците да станат активна сила за подобрување на заедницата, паралелно со предавањето за уметноста и нијансите на дебатирање.

Тројцата, заедно, успеавме да ја „преобразиме“

I had the privilege and honor of working with Borjanco, Director of the Regional Center for Sustainable Development in Kratovo, a man dedicated to seeing Macedonia become an independent country, inclusive of everyone in it, regardless of national origin, ethnic or religious background.Borjanco worked tirelessly to ensure the many needed programs were developed and implemented within the community, oft times in the face of dissent, prejudice and politics. And Jasmina, the ever-hard working Assistant Director and Program Manager who was dedicated to seeing the many social service programs researched, implemented and sustained in Kratovo and surrounding villages. In addition, Jasmina encouraged high school students to become an active force for the betterment of the community, while along the way teaching them the art and nuances of debating. Together the three of us managed to get the firehouse in

Противпожарната станица во Кратово, која се користеше како Центар на заедницата за граѓаните за повеќе намени. Ние секако ги имавме нашите предизвици со убедување на локалната власт да имплементираме многу од социјалните програми, потребни за да го направиме Кратово подобро место за секого. Вистинска несреќа беше тоа што личните чувства и интереси на неколку лица ги надминуваа многубројните потреби на заедницата и не спречија да продолжиме со спроведување на програми за поддршка за сиромашните и загрозените. Сепак, издржавме, и за време од двете години, минати како волонтер во РЦОР, секојдневно бев наградуван со знаење дека напредуваме и го подобруваме животот на заедницата во Кратово.

Kratovo "remodeled" and used as a community center for the citizens of the area. We certainly had our challenges with convincing the local government to implement many of the social programs needed to make Kratovo a better place for everyone. It was unfortunate the personal feelings of some overrode the many needs of the community and prevented us from moving forward with implementing support programs for the needy and disadvantaged. However, we persevered and for the two years I was at the RCSD I was rewarded daily with the knowledge that we were making headway and improving the lives of the Kratovo community.





**Allison Mesredith Smith**
**(Алисон Мередит Смит)**

*Волонтер на Мировен корпус во Кратово 2014-2016*

Кога решив да се приклучам кон Мировниот корпус на САД, беше време кога

Allison Meredith Smith Centar Kratovo; Bridging Gaps One Cultural Experience At A Time When I

одлучив дека сакам да го доживеам животот од друг агол, да го согледам успехот преку сосема поинаков опсег. Како волонтер, ми беше определено да живеам во Кратово и да работам во „Регионалниот центар зза одржлив развој Кратово“ (РЦОР). Од огромна важност беше тоа што го започнав ова патување како да сум студент, ученик. Затоа, си поставив задача да бидам трпелива и да ги научам начините на кои функционира оваа невладина организација и, уште поважно, да научам кои се очекувањата на двете лица, што управуваа со организацијата и спроведуваа проект по проект за зајакнување на малата заедница. Доаѓајќи од канцеларија (во САД) со повеќе од 3500 вработени, работата со само две лица беше драстична промена за мене, но кога бев замолена да се фокусирам на работа со младите, искрено, бев неспремна. Но, по неколку успешни проекти подоцна, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на ***coeXist*** (Creating Opportunities for Education X Individuals Sharing Traditions), волонтерска програма наменета за средношколците по завршување на часовите, преку која се реализираше културна размена, едукативни филмски ноќи, разговорни часови за усовршување на англискиот јазик, партнерството и соработката помеѓу РЦОР и волонтерите на Мировниот корпус на САД оставија траен впечаток во општината.

Работната атмосфера во канцеларијата на РЦОР беше мирна и целосно посветена на креирање на проектна апликација или реализирање на некој тековен преокт за помош на младите, лицата со посебни потреби во Кратово. За време на мојата волонтерска мисија ескалираше политичката ситуација во Македонија, а со самото тоа и нивото на бирократија во градот. Луѓето беа принудувани да учествуваат во протести, под закана дека ќе ја изгубат нивната работа или позиција, и од тие причини, соочени со предизвици од типот на тоа, претходно договорените јавни локации во Кратово одеднаш постана "недостапни" за планираните настани. И покрај неуспесите и предизвиците со политичка позадина, членовите

decided to join the U.S. Peace Corps I decided I wanted to experience life from a different angle. Visualize success through a different scope. I was assigned Kratovo and, by default, Centar Kratovo. It was crucial that I began this journey as a student. To be patient and learn the ways of the NGO and more importantly the expectations of the two people that organized and executed project after project to strengthen the small community. Coming from an office of over 3500 people, Working with just two was a drastic enough change, but when I was asked to focus my efforts on the children I was admittedly hesitant. Several successful projects later, including, but not limited to, an after school program focused on cross cultural exchanges, educational movie nights, conversational classes to assist with intermediate English speakers and two partnerships with NGOs outside of the Kumanovo region, the combined efforts of Centar Kratovo and the volunteers of the U.S. Peace Corps has left a lasting impression in the municipality. The office was a calm environment dedicated to finding or translating the next project application to help the youth, disabled or medically desperate members of the Kratovo community. As the political situation escalated so did the level of bureaucracy in the town. People forced to participate in protests or threatened with the loss of their job or position, meeting time slots and locations suddenly "unavailable" for planned events and the occasional jab at one of the hardest working men around, Borjancho, because of his affiliation with the opposing political party. Never one to bring his personal life to work, I found this crass and an unsavory example of the hold politics has on the day to day lives of Kratovo (dare I say Macedonian) residence. Despite the setbacks the members and employees of the Regional Center of Sustainable Development-Kratovo continued, hopeful, with planned projects. What the future holds for an organization like RCSD now that the political crisis has warranted new leadership remains a concern for me as former volunteer. I do,

и вработените во Регионалниот центар за одржлив развој-Кратово продолжија со планираните проекти. Што ќе понуди иднината на организациите како што е РЦОР, сега кога политичката криза го оправда новото раководство, претставува и моја грижа како поранешен волонтер. Сепак, во целост ги поддржувам напорите на РЦОР да одат напред, постигнувајќи напредок и најдобро решение.

however, fully support the NGOs efforts to move forward, placing progress first and the best solution.







Поучени од доброто искуство и позитивните резултати на Волонтерскиот клуб МИК, во текот на 2010 година се оформува уште еден Волонтерски клуб -ВЕК (Волонтер Екологија Кратово). Со него раководеше волонтерот на Мировен корпус, Џесика Мајер. На иницијатива на овој клуб беа спроведени две активности од поголем обем и тоа: Мапирање на дивите депонии на територијата на општина Кратово и Отворање на Детски забавен парк, во рамки на ОУ „Кочо Рацин", во непосредна близина на Здравствениот Дом, како и реновирање и бетонирање на игралиштето во горниот објект на ОУ „Кочо Рацин" Кратово.

Во текот на 2014 година, заедно со волонтерот Харолд Шаргент, аплициравме и добивме средства за реновирање на Центарот на заедницата- простории во Противпожарен дом Кратово. Вредноста на грантот е 8.444$.

Во јули 2016 година, Тенискиот клуб „Кратово" од Кратово, доби донација на спортска опрема, во висина од 1.700$. Иницијативата беше поттикната од Сашо Јовановски, претседател на Тенискиот клуб од Кратово, а прибирањето на средствата преку платформата за Crowd funding: GENEROSITY.COM, беше спроведено со помош на Алисон Смит, волонтерка на Мировен корпус во нашето здружение. За таа цел беа набавени: 21 рекет од различен тип - рекративни, јуниорски, професионални, 300 топчиња, торби за рекети, корпи за топчиња и грипови.

# Курсеви по странски јазици

Во текот на сите изминати години, а во зависност од потребата и интересот на учесниците, во рамки на Здружението се одвиваа курсеви по странски јазици (англиски, германски, шпански,

француски, италијански). Курсевите ги држеа волонтерите на Мировен корпус или наши членови, кои се дипломирани професори по соодветниот јазик (Рагу Боммасамудрам, Софија Лејн, Кетрин Фин, Алисон Смит, Драган Шапкалиски, Мустафа Јакупов, Зорица Давитковска, Сања Младеновска, Ирена Младеновска). Обуките трајат вообичаено по 6 месеци, а по завршената контролна проверка, на сите кандидати, кои покажале солидни знаења, им се доделуваат сертификати за успешно завршен прв степен. Во изминатиот период, почетните и напредните курсеви по странски јазици ги поминале околу 500 различни учесници.





# Останати активности

## 1. Форуми во заедницата

Во текот на 2011 година, нашето Здружение учествуваше, како партнер организација, во подготовката на апликацијата „Форуми во заедницата“. По одобрувањето на проектната апликација од страна на ЦИР-а и SDC, претставникот од нашата организација Јорданка Шапкалиска беше избрана за комодератор на форумските сесии во општина Кратово. Форумите во заедницата претставува програма, што им овозможува на општините, преку партиципативно учество на граѓаните, да придонесат кон решавање на одредени потешкотии со кои се соочени истите. На форумските сесии, граѓаните решаваат која од предложените теми/области е најзначајна за нив, а потоа се пристапуваа кон конкретни проблеми, предлагајќи решенија за надминување на состојбите. Главна цел на оваа програма е да се поддржи партиципативниот развој на заедниците на локално ниво. Форумот претставува платформа за развој, која цели кон тоа граѓаните да го подобрат сопствениот живот, со сопствени идеи и учество, а администрацијата да развие партиципативно и одговорно локално владеење на кое ќе му се верува.

## 2. Интернационална мрежа „Право на село“

Во текот на 2012 година, по покана на „Центарот за современи уметности“ –Скопје, Здружението стана член на неформалната мрежа „Право на село“, која ја сочинуваат поголем број на организации од Македонија, Грција, Албанија, Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Целта на мрежата е да се промовираат културно-историските вредности во регионот и да се создаде размена на позитивни искуства и сознанија, во насока на искористување на расположивите ресурси. Во рамки на оваа мрежа беа одржани три средби и тоа: Маврово-Македонија, Монодендри – Грција и Бело Поље – Црна Гора. Како резултат на тоа се реализира и гостување на Кратовскиот тамбурашки оркестар на Тамбурашкиот фестивал во Бело Поље – Црна Гора, во 2012 година.



## 3. Кампања „Гласам“

Во соработка со Фондацијата Отворено Општество-Македонија ,како партнер организација учествувавме во кампањата за зголемување на излезноста на гласачите на предвремените парламентарни избори, што се одржаа во јуни 2011 година. За таа цел беа оганизирани два настана „Гласам“, и тоа на 30 мај во Кратово и на 31 мај во Крива Паланка, со поставување на штандови и поделба на промотивни материјали, а граѓаните беа повикани масовно да излезат и да гласаат на претстојните вонредни парламентарни избори. Преку дистрибуција на брошури, беџеви, налепници и други промотивни материјали, настанот ги потсети граѓаните на демократското право, но и на демократската обврска, да гласаат на денот на изборите, а со тоа директно да ја унапредат демократијата во Македонија и да ја намалат можноста за изборни нерегуларности.






## 4. Иницијатива по однос на Предлог законот за млади

Здружението зеде партнерско учество во Иницијативата за одбрана на младинското учество, составена од 45 младински и граѓански организации, по однос на Предлог-законот за млади. Врз основа на оваа иницијатива, законот е повлечен од собраниска процедура на доработка и повторно разгледување.

## 5. Еколошки саем

На 4 и 5 јуни 2014 година, во Скопје, во организација на Здружението „Деница“, а во соработка со Глобалниот еколошки фонд Програма за мали грантови - ГЕФ ПМГ Македонија, се одржа Еко-саем за проекти за мали грантови, што беа имплементирани во изминатите 9 години. На овој саем се претстави и нашето Здружение, со проектот „Крива Паланка енергетски ефикасна општина - успешна општина“, кој беше имплементиран во периодот 2012 -2013 година.

## 6. Донација на книги

Во текот на месец јули 2015 година, Здружението „Регионален центар за одржлив развој“ ја збогати својата библиотека со нови 40 наслови на книги на англиски јазик. Книгите се донација од Darien Book Aid Plan, организација од Конектикат (САД) (www.darienbookaid.org), добиени со посредство на волонтерката на Мировен корпус, Алисон Смит. Книгите се од различен жанр: детска литература, белетристика и учебници за усовршување на англискиот јазик од повеќе програми. Дел од книгите ќе останат во рамки на библиотеката на Здружението, а друг дел се наменети за награди на успешните учесници во активностите, што ќе бидат спроведени во следниот период во рамки на програмата COEXIST.





## 7. Учество на обуки, дебати и работилници

Од 22-24 септември 2008 година, еден претставник на Здружението учествуваше на обуката за „Планирање и раководење со годишни програми“ во Скопје. На 27-28 октомври и 3-4 ноември 2009 година, во Пробиштип се одржаа две обуки на тема "Зајакнување на цивилното општество преку градење на капацитетите: промоција на локален развој преку поголема искористеност на ЕУ фондовите", во организација на Институт за Демократија и цивилно општество – Скопје. На 17-19 ноември 2010 година, двајца претставници учествуваа на средбата за вмрежување во Струга, организирана преку програмата Civica Mobilitas. Од 25-27 ноември 2010 година, еден претставник учествуваше на обуката во Струмица, на тема „Зголемување на улогата на НВО во борбата против корупцијата и унапредување на односите со медиумите“, организирана од страна на Центарот за граѓански комуникации.

На 17 февруари 2011 година, неколку претставници од нашето Здружение учествуваа на националната конференција „Транспарентност на единиците на локална самоуправа и нивната отчетност пред граѓаните“, организирана од страна на Центарот за стратегиски истражувања „Форум“ од Скопје. На средбата зедоа учество поголем број на претставници на локални самоуправи, невладини организации и експерти од оваа област. Во таа прилика, беа презентирани нивните позитивните искуства и можности со кои се стекнале во текот на своето работење, а во насока на зголемување на транспарентно, отчетно и одговорно работење. Тоа беше прва можност за промоција на резултатите до кои беше дојдено преку нашите проектни активности во оваа област.

Регионалниот центар за одржлив развој од Кратово и Граѓанската мрежа за спречување на конфликт на интереси во јавната администрација организираа јавна дебата „Дали се потребни измени во законот за јавни набавки?“, што се одржа на 22 април 2015г., во хотел Кратис – Кратово. Активноста е спроведена преку програмата IPA Civil Society Facility, во соработка со

Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје (ИДСЦС), Охрид институтот за економски стратегии и меѓународни односи (ОИ) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ)





Во период од 24-27 февруари 2008 година, наш претставник зеде учество на продолжението од серијата напредни часови и работилници на тема: „Развој на локалните заедници преку примена на методологии за одржливо финансирање и ЕУ-ИПА механизми“, што се одржа во х.Климетица во Охрид. Работилницата беше во насока на промовирање на социјалното претприемништво како облик за обезбедување на одржливост на здруженијата, со учество на експерти за социјално претприемништво од Македонија и Велика Британија, а во организација на Центар за институционален развој од Скопје.

Претставници од Здружението учествуваа и на поголем број други меѓународни средби и настани:

- “RURAL YOUTH FOR KOCAL SUSTAINABLE DEVELOPMENT”, Traditional Culture and Sustainable Development), Р Бугарија 1-10.08.2008
- BUILDING BRIDGES IN POST/CONFLICT AREAS - TRAINING COURSE FOR YOUTHWORKERS , Турска национална агенција – 13-20 септември 2008, Истанбул, Р. Турција
- „Подобрување на прекуграничната соработка на Р.Македонија и Р. Бугарија, во насока кон промоција на културно-историското наследство и подобро искористување на програмите од ИПА“ – 24-25 септември 2008, Ќустендил, Р. Бугарија
- Програми за рециклирачки линкови-20-21 ноември 2008 – Белград, Р. Србија

## 8. Посети

**Во** текот на изминатите години, во знак на поддршка на нашата мисија и програмските активности, бевме посетени од поголем број на значајни личности. Меѓу нив ќе ги издвоиме:

### Посета од директорот на Светска банка - Лилиа Бурунчук

**Н**а 25 јануари 2015 година, се одржа работна средба со директорот на Светска банка во Македонија–Лилиа Бурунчук и нејзините соработници Денис Бошковски и Лилјана Шеќеринска. На средбата присуствуваа околу 15 претставници од нашето Здружение и други организации од Кратово, кои ја искористија можноста за сопствена промоција на организациите, но и промоција на своите проектни активности. Претставниците од Светска банка се интересираа за проектните активности што биле финасирани во претходниот период со средства од нивни фондови, за можностите, приоритетите и идеите за идни активности и можностите за соработката помеѓу НВО и локалните власти во имплементирањето на заеднички активности.




### Посета на Американскиот амбасадор Џес Бејли

На 24 јуни 2016 година, во посета на Кратово и на нашето Здружение беше американскиот амбасадор во Р. Македонија, Џес Бејли. Посетата беше можност тој да се информира за условите на работа во цивилниот сектор, како и за активностите на волонтерите од Мировен корпус. Определено време од средбата беше одвоено за разговор со младите членови на Волонтерскиот клуб МИК, за перспективите и можностите кои им се нудат на младите на локално ниво, за активностите што се имплементираат во рамки на Клубот, како и за нивните идни планови во сферата на образованието. При посетата на Кратово, официјално беше пуштена во употреба Златкова Кула, која е реновирана со средства од Американската амбасада и Министерството за култура.




## Меморандуми за соработка

- Меморандум за  соработка со ЕЛС Кратово 0307-14/1, 1.03.2007г.
- Меморандум за соработка со ЕЛС Крива Паланка 0307-15/1, 1.03.2007г.
- Меморандум за соработка со ЕЛС Пробиштип 0307-16/1, 1.03.2007г.
- Меморандум за соработка со Регионална агенција за развој- Крива Паланка 0307-17/1, 05.03.2007г.
- Меморандум за разбирање USAID-RCSD 0307-42/1, 26.03.2008г.
- Менорандум за соработка со Македонија нулта корупција 0307-61/1, 01.09.2008г.
- Меморандум за соработка со Мировен корпус 0307-78/1, 18.12.2008г.
- Меморандум за соработка со ЕЛС Кратово 0307-39/2, 19.06.2009г.
- Меморандум за соработка НСЖМ 0307-57/1,19.11.2009г.
- Меморандум за сорботка со ЕЛС Крива Паланка 0307-58/1, 16.12.2010г.

- Меморандум за соработка со општини 0703-28/9, 14.04.2011г.
- Меморандум за соработка со СОУ „Нитко Пенџуклиски“ Кратово 0307-28/2 12.09.2013г.
- Меморандум за соработка со Долна Нормандија  Каен- Куќа на Европа 0302-32/2, 25.10.2013г.
- Меморандум за соработка со СИПР Куманово 0302-2/1 03.02.2015г.
- Меморандум за соработка со „Извор“ Кратово 0302-3/1, 05.02.2015г.
- Меморандум со ЕЛС 0703-4/2, 11.02.2015г.
- Меморандум за соработка со„ Кочо Рацин“ 0703-4/3, 11.02.2015г.
- Меморандум за соработка со„ Митко Пенџуклиски“ 0703-4/4, 11.02.2015г.
- Меморандум  за соработка со Стрип Центар Македонија 0302-32/1, 30.05.2017г.

- Потпишан е Меморандум за соработка со „Организација за младински развој“-Ќустендил, Р. Бугарија
- Меморандум за соработка со USAID - проект за рециклирање на пластика - Скопје
- Воспоставени партнерски односи и остварена успешна соработка во Youth in action програмата,
- Потписници сме на Декларацијата на Програмата за рециклирачки линкови-Ноември 2008 - Белград (Македонија, Албанија, Србија и Босна и Херцеговина)

# Благодарници и признанија

На 13.10.2015 година, во Софија, Р. Бугарија, проектот „Рок и поп Граници“, имплементиран од нашето здружение и Асоцијацијата „Партнери Дупница“ од Дупница, беше прогласен за најдобра проектна практика во рамки на Програмата на Европската територијална соработка 2007-2013.  На средбата, покрај поголем број на гости од Бугарија, Романија, Србија, Турција, Грција и Македонија, присуствуваа  и министерот за регионален развој на Р. Бугарија - Љиљана Павлова, заменик министерот од ова министерство - Деница Николова и директорот на Менаџментот за територијална соработка - Марија Дузова.


AWARD DIPLOMA

THIS DIPLOMA IS AWARDED
IN RECOGNITION OF PROJECT

"ROCK'N POP THE BORDERS"

implemented by:
Partners Dupnitsa Association
Regional Center for Sustainable Development, Kratovo

AS AN EXEMPLARY IMPLEMENTED PROJECT

Lilyana Pavlova, PhD
Minister of Regional Development and Public Works


Од чинот на доделувањето на признанието

- Европска територијална соработка во Република Бугарија-Министерство за регионален развој и јавни дејности на Р. Бугарија
- Мировен корпус 2009 година
- FISCAST-FINANCE THINK Скопје
- Општински центар за карпеста Уметност
- Црвен крст на Република Македонија
- Организација на жени “СПЕКТАР”
- Општинска установа Музеј на град Кратово
- Здружение на граѓани ”Рома Прогрес”
- Ајде Македонија Скопје
- Мировен корпус 2014 година



Peace Corps Macedonia
Presents this
Certificate of Appreciation
to
Regional Center for Sustainable Development Kratovo
in recognition of the outstanding contributions, generous and invaluable support and openness for cooperation during the training program for the fourteenth group of Trainees of Peace Corps Macedonia.
November 2009, Macedonia
Stephen Kutzy, Country Director
Evelina Dodevska, PST Director/Training Manager



Ајде Македонија!
Асоцијацијата за чиста животна средина Ајде Македонија доделува
БЛАГОДАРНИЦА
на
Регионален центар за одржлив развој- Кратово
За успешно спроведена акција за помалку отпад и исклучителен придонес во проектот „Македонија без отпад 2016“
Акцијата која се одржа на 1-ви октомври 2016 година беше дел од светското движење Lets do it World! во кој учествуваат 112 земји.
Блаже Јосифовски
Претседател на Ајде Македонија
CIVICA | Citizens for change! Проектот "Македонија без отпад 2016" е поддржан од програмата Цивика Мобилитас.



ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДОДЕЛУВА
Благодарница
Во знак на признание за организација и постигнати резултати во крводарителството, за покажаната хуманост и солидарност
год.
ПРЕТСЕДАТЕЛ,



Општинска установа
МУЗЕЈ НА ГРАД КРАТОВО
по повод 15 години од постоењето
ДОДЕЛУВА
БЛАГОДАРНИЦА
на ЗГ РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ - КРАТОВО
за успешна соработка во областа на културните активности на музејот
Дата 28-05-2008
Кратово
Директор













## PARTNERS DUPNITSA ASSOCIATION
## СДРУЖЕНИЕ „ПАРТНЬОРИ – ДУПНИЦА“

# FELLOWSHIP RECOMMENDATION

by *Partners Dupnitsa Association*

**Concerning:** Regional Center for Sustainable Development – Kratovo

We have been cooperating and working together with Regional Center for Sustainable Development in Kratovo since 2011 when we got prepared our first project proposal under IPA CBC Programme Bulgaria - FYRoM in benefit of young people as a tangible asset for our communities developing and growth.

The RCSD already had had implemented a number of successful initiatives and projects

## Здружение „Партнери Дупница“
## Дупница – Република Бугарија

**ПРЕПОРАКА**
**од „Партнери – Дупница“**

**Во врска со:** Здружение „Регионален центар за одржлив развој“ - Кратово

Со здружението „Регионален центар за одржлив развој“ – Кратово (РЦОР) соработуваме и работиме заедно од 2011 година, кога го подготвивме нашиот прв заеднички проектен предлог, во рамки на ИПА Програмата за прекугранична соработка на Бугарија – БЈРМ, во корист на младите луѓе како материјално средство за развој и пораст на нашите заедници.

Кога ја основавме нашата партнерска соработка, РЦОР веќе имаше имплементирано голем број на успешни иницијативи и проекти, што поттикнуваа вклучување на граѓаните и

encouraging citizens' involvement and proactive participation in Kratovo and other communities sustainable policies development when we set our partnership.

We both know and share the belief that the talented, active, open minded and creative people are local communities' progress pre-requisite and they must be supported by all means. They are our mission and the tight bond between our organizations, members, volunteers and associates.

RCSD was our dedicated partner in hard and long-efforts-consuming mission under Rock and Pop the Border concept development and implementation. In simple words the concept aims to set and maintain a performing and debuting stage for talented young contemporary music creators and performers. Such stage is a tangible asset for communities' culture development and by this way – for their sustainable social and economic growth.

Thanks to RCSD as a Macedonian partner we succeed to get approved the RnPB proposal under IPA CBC Programme Bulgaria – FYRoM in 2013.

Together with RCSD we implemented an exemplary for the Programme project creating friendship and professional networks between hundreds of young music creators, professionals and fans, as well – between communities of Dupnitsa and Kratovo, Bulgaria and Macedonia.

We were involved together in 2015 European Friendship Day festivities for Bulgaria and Macedonia preparation and implementation and our RnPB project was a contestant in European Interreg 25 Project Slam on behalf of IPA CBC Programme Bulgaria – FYRoM 2013 – 2017.

Of course, together we know not only the win, but the disappointment and lose taste – much more than the success delight. But disappointments and loses make our friendship stronger – because we cooperate and work together for our local communities benefit – not for our organizational one.

Community's sustainability, growth and success need devoted and trusted persons and organizations – especially in our societies. If you need such for Macedonia - you can rely on Regional Center for Sustainable Development – Kratovo.

We do this.

Nikolina Nikolova, Chairperson

проактивно учество во развојот на одржливи политики во Кратово и регионот.

Двете здруженија знаеме и делиме исто- - уверувањето дека талентираните, активни, отворени и креативни луѓе се предуслов за напредокот на локалните заедници и тие мора да бидат поддржани со сите средства. Тие се наша мисија и цврста врска меѓу нашите организации, членови, волонтери и соработници.

РЦОР беше нашиот посветен партнер во напорна и долготрајна мисија за развој и имплементација на концептот Rock and Pop the Border. Во кратки црти, овој концепт има за цел да воспостави и одржува изведувачка и дебитирачка сцена за талентирани млади современи музички творци и изведувачи. Таквата сцена е опипливо средство за развој на културата на заедниците и на тој начин - за нивниот одржлив социјален и економски раст.

Благодарение на РЦОР, како македонски партнер, успеавме да го добиеме грантот за имплемнетирање на проектото RnPB, во рамките на Програмата за ИПА ПГС Бугарија - БЈРМ во 2013 година.

Заедно со РЦОР, имлементиравме пример за програмскиот проект, создавајќи пријателски и професионални вмрежувања на стотици млади музички творци, професионалци и обожаватели, како и на општините Дупница и Кратово, а со тоа и на Бугарија и Македонија.

Во 2015 година, по повод Европскиот ден на пријателството за подготовка и имплементација на Бугарија и Македонија, бевме заеднички вклучени во организирање на свечениот настан, а нашиот заеднички RnPB проект учествуваше во натпреварувањето во рамки на европскиот проект "Слама", во рамки на програмата ИПА ПГС Бугарија - ПЈРМ 2013 - 2017 година.

Се разбира, покрај победата, заеднички го имаме искусено и разочарувањето и вкусот на губењето, за жал многу повеќе од успехот. Но, разочарувањата и загубите го прават нашето пријателство посилно, затоа што соработуваме и работиме заеднички за нашите локални заедници, а не за нашата организациска корист.

Одржливиот развој, раст и успехот на заедницата бараат посветени и доверливи лица и организации - особено во нашите општества. Ако барате такви одговрни лица во Македонија – со сигурност може да се потпрете на „Регионалниот центар за одржлив развој" - Кратово.

Ние го правиме тоа.

Николина Николова, претседател

# Публикации

Во досегашниот период на делување, организацијата поддржа издавање на неколку книги, но паралелно со тоа, објави и сопствени публикации од истражувања и анализи, што беа спроведени во рамки на проектните активности.


















## Останати активности и активности за одбележување на датуми и настани

- Одбележување на 21-ви Март - Светскиот ден на екологијата, со акција за пошумување а во партнерство со МЗШВ и УСО „Митко Пенџуклиски“;
- Одбележување на 8-ми Април-Светскиот ден на Ромите, со ликовна работилница, промоција на книга, дефиле и спортски активности;
- 14.05.2010г., Ресен- Работилница за алтернативен туризам, на која од регионот на Кратово, Крива Паланка, Пробиштип и Кочани учествуваа 52 претставника;
- 26.05.2010г., Велес – Стандарди за заштита на животна средина, со учество на 12 претставници од Крива Паланка, Кратово и Пробиштип;
- 11.06.2010г., Струмица – Европски перспективи во земјоделството, на која од регионот на Кратово, Крива Паланка, Ранковце и Пробиштип учествуваа 12 претставници;
- 14.06.2010г., Кочани – Работилница за енергетска ефикасност, со учество на 18 претставници од Крива Паланка, Кратово, Куманово и Пробиштип;
- 16.06.2010г., Кавадарци – Работилница за перспективите на винските региони во Македонија, со учество на 14 претставници од Крива Паланка, Кратово и Пробиштип;
- На 29.06.2010г., во Куманово организирана е трибина на движењето„ Граѓаните за Европска Македонија“, на која од Пробиштип, Кратово и Крива Паланка учествуваа 22 претставници;
- Промоција на Извештајот за состојбата со диви депонии на територија на општина Кратово под наслов, „Дали сметот е и Ваш проблем“, пред членовите на Волонтерскиот еколошки

клуб, на 02.06.2010г., пред учениците на ОУ „Кочо Рацин“ на 07.06.2010г. и за претставници на локални институции и организации на 09.06.2010г.

- Преку Младинскиот клуб „Млади иницијативни кратовчани“(МИК), на 15 Јуни 2011 година, во рамки на Кампањата за слободен пристап до информации од јавен карактер, поставен е штанд на кој, во тек на целиот ден, на заинтересираните граѓани и посетители им се дистрибуирани информации и бланко формулари во однос на начинот на барање и добивање информации од ваков профил;
- На 08 Јули 2010г., пред Домот на културата „Лазар Софијанов“ - Кратово, организиран е хуманитарен концерт за прибирање на финасиски средства за операција на Владислав Андреевски, кој боледува од мултиплекс склероза, а членовите на Волонтерскиот клуб, исто така, дадоа свој несебичен придонес;
- Посета и учество на Етно саемот „Пехчевски Павловден“, на 12 Јули 2011г., со 33 претставници од Крива Паланка, Кратово и Пробиштип;
- Организирање на манифестацијата „Денови на хуманоста“ - во периодот од 8-22 март 2010 година, при што се собрани над 1000 различни парчиња на облека и истите се поделени, во соработка со Центарот за социјални работи, на примателите на социјална помош и на самохрани родители;
- Реализација на дебати и средби со ученици од СОУ „Митко Пенџуклиски“, во рамки на проектот на МОФ, но и како дел од проектните активности по предметот урбана култура во перодот 2011-2013г.;
- Иницијатива за потпишување на Декларација против проектот наречен „Скопје 2014“ од страна на 23 организации на национално ниво и нејзино објавување во Шпиц на 2 април и во Дневник на 3 април.

**Потписници и поддржувачи сме на:**

- Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства
- Нацрт-Конвенцијата за пристап до службени документи на Советот на Европа
- Иницијативата за укинување на придонеси на примателите на хонорар

## Соработка со медиуми

**В**о целокупната наша работа и остварување на зацртаната мисија, огромна улога имаат медиумите со кои имавме успешна и безпрекорна соработка. Во оваа прилика, сакаме да упатиме јавна благодарност до сите оние, кои ја поддржаа и промовираа нашата работа и активности: Дневник, МИА, МТВ, Протел - Пробиштип, Македонско радио, Златен канал - Крива Паланка, КЗ Телевизија, Сител 2, Канал 5, Телма, 24 Вести, порталите Аберџија, Ако, Јавно, Доказ, И-портал и други. Покрај ова, сите информации и тековни активности беа објавени и на нашиот официјален веб сајт www.regionalencentar.org.mk ,кој редовно се администрира и на профилот на FB.

# Перцепција на заедницата

ПЕТНАЕСЕТ ГОДИНИ ПО ПАТОТ НА УСПЕХОТ

Да создаваш и мобилизираш!

Да придонесуваш и поддржуваш!

Да се биде активен и одговорен е основен темел на граѓанското општество, кое цели кон развој на демократските вредности и јакнење на граѓанскиот активизам во одлучувачките процеси на заедницата. Притоа, најважен е гласот на граѓанинот- да знаеш да го препознаеш, артикулираш и да го трансформираш во конкретна акција за остварување на посакуваната цел и позитивни промени во севкупното општествено живеење. Обврската за создавање на ваков силен, независен и развиен граѓански сектор, преку воспоставување на дијалог и широка граѓанска партиципативност во креирањето на локалните политики, со сета сериозност во вистинска смисла на зборот, веќе 15 години ја спроведува Регионалниот центар за одржлив развој, со седиште во Кратово. А 15-годишниот јубилеј на активно залагање за обезбдување на одржлива околина за граѓанско делување ја одбележува како вистински лидер на невладиниот сектор во регионот и достоен партнер во развојот и интегрирањето на заедницата и граѓаните во севкупните општествени текови на патот кон пристапувањето на земјата во ЕУ. Остварените резултати од добробит за општините од Североисточниот регион и пошироко се преточени во бројни реализирани проекти, што остануваат придобивка на сите граѓани.

-Изминатите 15 години целосно сме посветени на поддршка и одржлив развој на локалната заедница, поголема мобилизација на расположивите ресурси и социо-економско зајакнување и интеграција на регионот, како наша крајна цел. Зад нас се голем број успешно реализирани проекти во Кратово, Крива Паланка, Ранковце, Старо Нагоричане, Пробиштип, Куманово, Кочани и Делчево, како поширокиот регион на делување, но и проекти на национално ниво во кои сме вклучени преку партнерства, соработка,коалиции и неформални мрежи со останатите чинители од граѓанскиот сектор.Нашата улога во локалната заедница се темели на транспарентност, отвореност и одговорност за остварување на влијание и позитивни промени во севкупниот развој, кои можеме да ги постигнеме исклучиво преку развојот на силно демократско и граѓанско општество. Продолжуваме со несмален интензитет да работиме и да се надградуваме за да можеме заслужено да го носиме статусот на лидер на невладините организации во регионот, респектиран по својата профилираност и препознатливост во јавноста, вели **Борјанчо Мицевски**, кој е движечкиот „мотор“ на РЦОР.

Почнувајќи како Центар за поддршка на НВО со мисија за зајакнување на граѓанското општество во регионот во 2003 година, Здружението всушност е едно од првите невладини организации во Североисточниот регион, кое го иницира граѓанското организирање и делување.Тоа претставуваше вистински пример за препознавање на можностите, моќта и улогата на граѓанскиот сектор во општествениот систем, што резултираше со поттикнување на бројни граѓански иницијативи од постоечките или новоформирани невладини организации во овој регион. Здружени, околу заедничката цел за активност и граѓанска мобилизација, токму 18 лидери на најактивни НВО од Кратово ќе го реформираат Центарот за поддршка на НВО и во 2006 година ќе го основаат Здружението „РЦОР“, застанувајќи зад неговата визија и цели.




-РЦОР е на вистинското место, со солиден тим и сенс да направи добри и издржани проекти. Во овој центар се направени многу обуки, публикации, во ниедна институција нема толку ресурси, отворена соработка и поддршка за заеднички активности.Тимот има многу направено за заштита и промоција на културното наследство, како што е на пример публикацијата „Музеј под ведго небо“, кој останува траен документ за старите кратовски градски специјалитети. Со право можам да кажам дека, покрај проф. Тодор Кондев и Трајче Симеонов, Борјанчо Мицевски од РЦОР е третата личност што остави неизбришлив белег за идните генерации во Кратово, истакнува **Стевче Доневски**, претседател на Здружението за уметност, култура и заштита на културното наследство „ЕТНО ризница“ од Кратово.

Во изминатите 15 години РЦОР ќе стане своевиден ресурсен центар за граѓанско учество, отворено место каде секој ќе може да го изрази својот потенцијал и креативност, да побара стручна помош, да дебатира и да бара решение за проблемите од општ интерес на локалната заедница. Денес, во Кратово и пошироко нема жител кој граѓанскиот активизам не го поистоветува со РЦОР или пак не ги посочува остварените резултати и проекти на здружението. За нив, РЦОР е синоним на граѓанско вложување и мобилизација на целата заедница во обединувањето околу заедничката цел да се гради, создава, унапредува и афирмира сопственото место на живеење.



-Тоа за мене, а верувам и за многу други, е еден прозорец кон светот. Бидејќи мојот свет се книгите, секогаш ги набавувам од нивната богата библиотека.Ми помагаат за многу работи што ми се потребни како на секој обичен граѓанин, секогаш ме канат на нивните промоции и благодарен сум им што постојат, вели пензионерот **Ангел Јакимовски**.

Посебна особеност со која ретко која граѓанска организација може да се пофали е токму позитивната атмосфера меѓу вработените, волонтерите и активистите на РЦОР. Нивните врати се отворени за секого, на располагање се ставени сите нивни ресурси и капацитети, а поддршката и соработката која ви ја нудат максимално и во секоја ситуација е нивната најголема доблест. Со еден збор, вистинско задоволство и привилегија е да се биде дел од екипата и тимската работа на ова здружение. Борјанчо, Гоце, Јорданка, Јасминка, Катерина...почнале тука, се калеле како личности и активисти на граѓанското општество.Некои заминаа по своите патишта, некои се уште се тука, но РЦОР останува бедем кој засекогаш ги поврзува. Некои го понеле искуството со себе, други се горди на придонесот што го втемелиле во оранизацијата, а сите заедно остануваат нераскинлив дел од срцето и сржта на она што го оставиле зад себе и на кое постојано му се навраќаат.

-Во РЦОР бев од самото негово формирање и слободно можам да кажам дека претставуваше вистински едукативен центар, кој ги анимираше граѓаните и го заживеа граѓанското општство во регионот. Во годините кога работев таму се реализираа многу проекти, имаше многу трибини, посети на саеми, поттикнување на алтернативниот туризам. Но, сепак, најголема гордост  за мене е што успеавме да реализираме неколку проекти на локално и регионално ниво , кои и до ден денес живеат. Меѓу нив се обележувањето на средновековните кули и мостови во Кратово и билбордите за Камените кукли, финансирани од Светска банка, а реализирани од тогашниот Центар за НВО, подвлекува **Гоце Ангеловски**, сега вработен во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Придонесот за градење на одржлива и демократска околина за граѓанско делување се гледа и во воспоставување на дијалог со институциите во локалните самоуправи и воспоставување на соработка и партнерство за развој на локалните заедници. Реализираните проекти од најразлични области се доволен показател за обединувањето околу општите цели од широк јавен интерес, а не помал е и придонесот во зголемувањето на транспарентноста, отчетноста и одговорноста на општинските власти и вклучувањето на граѓаните во одлучувачките процеси на локално ниво.



- Во изминатиот период општина Кратово воспостави и имаше добра соработка и реализација на проекти со Регионалниот центар за одржлив развој Кратово. Како невладина организација на територијата на општина Кратово секогаш е поддржана од страна на нашата локална самоуправа во спроведувањето на своите проекти и активности. Поддршката  ја добива преку ставање на располагање на општинските човечки ресурси за давање на информации и стручна

помош, како и за толкување на правна рамка која се однесува на ингеренција на локалната самоуправа.Со еден збор, РЦОР е активна организација, која делува на повеќе области, а нивните активности, истражувања и проекти се во насока на подобрување на квалитетот на животниот стандард на граѓаните со придонес кон поширока заедница, истакнува **Катерина Станковиќ**, секретар во Кабинетот на градоначалникот на општина Кратово.

Директорот на Центарот за поддршка на Североисточниот плански регион, **Младен Протиќ**, пак, ќе забележи:



„РЦОР е солидна и сериозна организација, која активно учествува на сите настани во регионот.На многу проекти соработуваме со невладиниот сектор, взаемно разменуваме искуства и секако на Центарот за поддршка на СИПР му е битна соработката со РЦОР.“

Енергетска ефикасност, селектирање на отпад, мониторинг на јавните набавки, транспарентни општини, обновување на паркови, заштита на раритетните повеќевековни борови,обновување на вредното културно-историско наследство, младински дебати, помош на ранливи групи...се само дел од личната карта со потпис на РЦОР. А предизвикот секогаш бил стимул за бројни иницијативи, што биле прифатени и од други граѓански организации.Капацитетот и изградениот имиџ во јавноста за нив се причина повеќе за соработка со гарантиран успех.



-Со РЦОР соработуваме околу 10 години.Тоа е сериозна организација, со високи резултати во различни сфери на граѓанското општество. Задоволни сме од досегашната соработка, а заедно сме и кооснавачи на ЛАГ „Осоговски лисец“. Водени од позитивното искуство, и во иднина ќе соработуваме на заеднички проекти и акции од добробит на локалната заедница, потенцира **Антонио Давитковски**, претседател на ЗГ„ЕГРИ“ од Крива Паланка.



**Марија Петковска** од Здружение на жени „Спектар“ Кратово, пак, ќе истакне:

„Борјанчо Мицевски е пример за успешен менаџер, кој знае да го осети моментот за иницијатива, во тек е со времето и многу е информиран.Ништо не прави ад хок, секој проект знае да го оформи како целина и да го даде како резултат. Тој е прекрасна личност и јас го обожавам.“

Градењето мостови на доверба и разбирање се препознаваат  и во чувството за мултиетничност и соработка со граѓанските организации за  унапредување на меѓуетничките односи,како и почитување на различностите, но и помош и поддршка на најразличните етнички групи, особено на ромската заедница.



-Регионалниот центар за оддржлив развој е организација, која што активно се става во улогата да помогне и да придонесува за социо-економскиот раст и развој во регионот. Организацијата навремено ги препознава потребите и проблемите на граѓаните и делува проактивно на локално ниво. Мал е бројот на граѓанските организации, кои што можат проактивно да делуваат и мило ми е  што РЦОР е една од таквите организации. Придонесот на РЦОР за јакнење на цивилното општество во регионот е огромен и верувам дека ќе биде уште поголем во годините кои што следат. Им посакуваме успешна работа и иднина,нагласува **Мустафа Јакупов** од РРОМА-Кратово.

Чувството за вистинските проблеми на РЦОР низ годините допира до секој на кој му е потребна поддршка, а особено до лицата со посебни потреби, самохрани родители, стари и изнемоштени лица, невработени и други ранливи и маргинализирани групи. Грижата за нивното интегрирање во општеството е една од континуираните напори на здружението, при што посебен акцент е ставен на  проблемите на овие лица од руралните подрачја.



-Со луѓето од РЦОР мислам дека се запознавме кога дојдоа кај мене во домашна посета во рамките на проектот„Грижа за лицата со посебни потреби во домашни услови“.Презадоволна сум од соработката.Тие  ми овозможија да го посетам Дневниот центар за лица со посебни потреби во Крива Паланка,манастирот „Свети Јоаким Осоговски“, да прошетам, да запознаам нови луѓе. А концертот што го организараа беше нешто преубаво што ми се има случено и што ќе го паметам цел живот.Бев пресреќна што можев од сцената да ја пренесам пораката за лицата со посебни потреби,се чувствував посебно, корисно.Беше ново искуство за мене и благодарам на РЦОР што со нивните проекти ми го направи животот поубав и поисполнет, објаснува **Славица Петковска** од Кратово.

Иако во изминатите 15 години се реализирани бројни проекти од најразлични области и со најразновидни таргет групи, сепак во фокусот на вниманието на РЦОР во континуитет се младите, нивниот ангажман, креирањето на нивните ставови и работа на поттикот да станат активни

чинители во локалните процеси. Постојаната надградба на Младинскиот клуб, бројните активисти, но и формирањето на Младински совет при општина Кратово се едни од најуспешните иницијативи на здружението, а задоволството на младите генерации е нескриено.



-РЦОР многу ми помогна во креативното исполнување на времето, но и во мојот личен развој. Бев многу срамежлива и повлечена,но откако пристапив кон Дебатниот клуб на Центарот се се промени. Дебатите ми помогнаа да се развијам како личност, да ја подобрам самодовербата и да го истакнам своето мислење. Веќе 4 години сум член на овој клуб, најпрвин како дебатер, а после искуството и обуката станав и судија и сега сум предавач, вели **Магдалена Димитријевска**.

Ангажманот во граѓанското општество се докажува и низ проектите кои РЦОР ги реализира во партнерство и соработка со други невладини организации, а општествените промени и влијанието се одразуваат и на национално ниво .




-Како организација активно сме ангажирани и насочени кон младата популација на национално ниво, а со РЦОР имаме соработувано на 2-3 заеднички проекти, но истовремено, и значајни проекти. Прекрасно искуство имаме од проектот за паметно користење на социјалните медиуми од страна на младите за позитивни општествени промени. Од вкупно 12 работилници, меѓу кои и во големи општини како што е Струмица, сепак најголем успех имавме токму во Кратово и Крушево иако се мали градски средини. На работилницата во Кратово имаше околу 100-тина млади, со РЦОР се одеше лесно, од подготовка до резултати, бидејќи заедничката цел ни беше голема. РЦОР е исклучително квалитетна организација, луѓето се професионалци и максимално посветени и секогаш им излегуваат во пресрет на партнерите. Сепак, најважно од се е што се многу влијателни во локалната средина и тоа само по себе доволно говори за нивниот кредибилитет и квалитет, истакнува **Билјана Стојчевска** од Младинскиот сојуз од Крушево.

РЦОР денес е етаблирана организација, која својата работа ја проширува и интензивира и во рамките на пограничниот регион и меѓународната соработка со Бугарија, Косово, Србија, Црна Гора и БиХ. Преку искористување на програмите од ИПА инструментот и други европски фондови, РЦОР инцира и спроведува проекти со своите балкански и европски партнери за зближување, заедничко искористување на потенцијалот и усогласен развој на регионот.

И не застанува тука. Листата на соработници од најразлични профили секојдневно се проширува.Богатството на активности го збогатува секојдневието на граѓаните, им отвора нови

можности и перспективи,а сите тие му возвраќаат со благодарност, доверба и целосна припадност на неговата мисија и визија.






-Во РЦОР сум ангажирана како професор, кој ги држи обуките по француски и италијански јазик и презадоволна сум од соработката и можностите што овој центар ги нуди на граѓаните во мојот град. На одредени групи на граѓани, како млади, така и возрасни, им недостасуваше место каде што ќе можат да следат часови по странски јазици,што не се застапени во училиштата, а за кои што пројавуваат интерес поради свое лично задоволство или пак потреба што им ја наметнуваат нивните професионални ангажмани. Центарот им издава сертификат за завршено ниво по одреден јазик што, секако, можат да го искористат за да добијат некоја работна позиција за која се бара познавање на одреден странски јазик, како и за учество во меѓународни обуки, проекти, размени, итн. Се надевам дека ова здружение ќе постои уште многу години, бидејќи сите активности произлезени од него се во интерес на подобрување на квалитетот на живот на граѓаните во мојот град и дека бројот на активностите ќе расте со тоа што ќе опфаќа поголем број на групи граѓани, вели **Зорица Давитковска** од Кратово.

Нејзината колешка, **Ирена Младеновска**, професор по германски јазик, пак, својата приврзаност кон здружението ќе ја изрази со следните зборови:



„Колегијалноста, соработката и разбирањето се врвните квалитети и причината што цели 5 години ги држам курсевите по германски јазик токму во рамките на делувањето на оваа организација. Ме викаат да предавам во приватни училишта за странски јазици и за поголема плата, но нема цена за која би го менувала РЦОР. Професионалноста и конструктивно решавање на сите предизвици на кои наидуваме ме врзуваат за организацијата и за луѓето и среќна сум што работам токму во РЦОР.“

**За РЦОР уште рекоа...**

**Гоце Стојановски**, „ЕКО КРАТЕР “ Кратово



Тоа што сите застанавме зад формирањето на РЦОР доволно говори за неговата улога во локалната заедница и промените што ги внесе во граѓанското делување.РЦОР е една од најдобрите и најсилни граѓански организации во регионот. Неговата улога е многу значајна и многу успешни проекти се направени. Имаме одлична соработка, а за пофалба е што во организацијата се вклучени многу млади кои се доста активни.

**Милош Димитровски**, „Извор“ Катово



Многу битно е што овој Регионален центар е достапен за останатите невладини организации и досега бил иницијатор за многу заеднички акции, но и ги инспирирал другите граѓански здруженија за поттикнување на иницијативи. Голема е и улогата на Мицевски како човек со кој секогаш може да се соработува и кој успешно и одговорно ги извршува задачите.Се надевам дека и во иднина ќе имаме уште поуспешна соработка и ќе го унапредуваме граѓанското општество и активизам.



**Методи Манасовски**, граѓанин на Кратово

Овој Регионален центар се чини прави работи така што секој по нешто ќе го памети или ќе го усреќи. Благодарение на проектот на РЦОР за избор на најдобра фотографија, токму мојата куќа (според фотографија изработена од Зоран Шеќеров), како типична староградска архитектура, се наоѓа на разгледница за Кратово, на што сум особено горд.

**Даниел и Зоран Јакимов**-младинци



Центарот е место каде се собираме и го осмислуваме слободното време. Од мали сме активни во Младинскиот клуб, таму учевме и курс по германски јазик, учествувавме во аргументираните дискусии и дебати што се организираа. Благодарение на нив се стекнавме со комуникациски

вештини и добар настап. Нас не учеа постарите членови, а сега ние ги поддржуваме помладите генерации.

**Милорад Анастасов**-Министерство за финансии

Со РЦОР соработувавме на неколку проекти. Многу добро се организирани и исклучително исполнители.Како надворешен соработник заеднички работевме на формирањето на Младински совет при општина Кратово, чиј член сум, и мислам дека тоа беше одличен проект, кој и ден денес добро функционира.

**Блаже Јосифовски**, „Ајде Македонија“ Скопје



РЦОР е одличен пример на граѓанска организација за регионот и локалната средина.Во едно Кратово, кое има проблем со иселување на младите, тие успеваат да ги насочат да преземат општествени активности. Две години соработувавме во акција за еколошко чистење, на заеднички семинари и конференции. Ми даваат мислење за одредени состојби и податоци од Кратово и се од вистинска помош за Североисточниот регион.

**Павле Зафиров**, лекар



Јас сум еден од првите членови на Младинскиот волонтерски клуб при РЦОР. Оваа организација ни понуди нешто ново и поинакво со што придонесе да ги прошириме видиците, да се насочиме, да ни се разјаснат работите за сите аспекти од животот.Тука научивме да ги согледуваме нештата, да пишуваме, да бидеме истражувачи, да го дефинираме сопственото мислење.Како Младински клуб бевме многу добри и активни, присуствуваме на меѓународни настани, црпевме идеи за заедницата. Бевме дел од МОФ и многу успешни на дебатните форуми.Лично, стасав до трет говорник-дебатер во Македонија, а се заедно за мене значеше драгоцено искуство, личен напредок и поголема самодоверба за во иднина.

**Ивица Стојановски**, главен и одговорен уредник на Регионална ТВ„КЗ“



Уште од самиот почеток имаме успешна и плодна соработка со РЦОР. Со такви успешни, корисни и сериозни проекти првпат се сретнав токму преку оваа организација.Имавме можности и планови и за заедничка реализација на проекти, што се надевам дека ќе се реализира во иднина. Во поглед на медиумското покривање, сметам дека е максимално исполнето на задоволство на двете страни.Посебено би ја

издвоил беспрекорната организираност на РЦОР и непосредниот пристап кон јавноста, како и подготвеноста за соработка и поддршка на медиумите.

**Зоран Стефановски**, командир на ППТЕ Кратово



Како организација секогаш ни излегуваат во пресрет и задоволни сме од соработката. Со нивна поддршка ги реновиравме просториите на Противпожарната единица, подобрувајќи ги условите за работа.РЦОР е најактивна организација, а придобивките се видливи и многубројни.

А кога зад вас се 15 години напорна работа и постојан ангажман во граѓанското општество и кога доаѓа време да се сумираат резултатите, нормално е секој да каже дека можеше и повеќе и подобро.Но, она што РЦОР успеа да го изгради секако е за секој респект.Почнувајки од создавање на почва за граѓанско делување, постојано проширувајќи го тој простор, постојано апелирајќи да се слушне гласот на граѓаните, здружено да се работи на граѓанските интереси, да се помага и поддржува,е влог кој ќе биде врежан во граѓанската меморија во регионот.Понатаму, нивото на општествениот предизвик може само да надоѓа како прилив на втемелените вредности и капацитети и неизоставно да вродува со се поголеми резултати и придобивки.Знаењето и постојаната надграба не се единствените потенцијали што го прават РЦОР пример за граѓанска организација.Многу повеќе е отвореното срце, усетот за потребите на поединецот, на општествените групи, чувството на припадност и споделување со секој што ќе тропне на нивната врата и ќе побара поддршка.

Да се изоди патот и да се опстои на цврстиот став и упорноста додека не се дојде до целта, а притоа да се биде поддржан од заедницата, е она што го симболизира овој центар. И истовремено зад себе да се имаат многубројни активисти, волонери, пријатели, поддржувачи...секако е вредно да биде запишано и запаметено.Зашто, колку и да не треба да се навраќаме на минатото, сепак тоа ни е неопходно за да гледаме кон иднината.

Нека е честит јубилејот и уште многу нови успеси!





# Завршен збор

*ЗГ „Регионален центар за одржлив развој“, ќе продолжи да ја развива соработката помеѓу граѓаните и власта, ќе ја продлабочува воспоставената соработка меѓу заинтересираните страни во вистински ефективни партнерства и ќе создава услови за целосна граѓанска партиципативност во креирањето локални политики. Организацијата ќе придонесува во развојот на заедниците, преку создавање одржлив модел, кој ќе биде применлив независно од промената на власта. Основната карактеристика и понатаму ќе биде отвореноста за соработка со сите структури, кои ќе изразат желба или имаат визија и мисија слична на нашата. Пријателски подадената рака секогаш ќе ја прифатиме и ќе дадеме несебична подршка на се она што се нарекува прогрес и потреба на секој поединец, без разлика не етничка или верска припадност.*

*Можеби не правиме многу, но направивме доволно за да станеме препознатливи во јавноста и да го одбележиме времето во кое постоиме. Тоа ни дава уште посилен мотив и желба за работа. Оваа година ќе се трудиме да го задржиме курсот и да продолжиме по патот, кој го трасиравме во изминатиот период. Секогаш ќе се трудиме нашите активности да бидат од интерес на целокупната заедница и целната група, да имаме конкретни и видливи резултати, односно, со еден збор, да го оправдаме нашето постоење. Со мобилизирање на повеќе човечки ресурси, тимска работа, добра организациска поставеност и чувство за вистинските проблеми да се делува во вистинско време, успехот и понатамошното опстојување, раст и развој ќе бидат неминовни.*

*Започнатиот процес на децентрализација и добивањето на кандидатски статус на земјата за членка на ЕУ, ја наметнуваат потребатата од целосно и континуирано информирање и едукација на граѓаните за процесите и подготовка на НВО за преземање поактивна улога во тековните и развојни процеси. Од друга страна, поголемата вклученоста на граѓаните во поведувањето на иницијативи и носењето на одлуки на локално ниво е од исклучително значење за севкупните демократски процеси.*

*За да се опстане на сцената на цивилниот сектор во Македонија, во последните неколку години, покрај основните ресурси, пред се материјални и човечки, потребни се добри соработници и партнери, координиран настап и јасна визија за потребите на заедницата и општеството во целина. Згаснувањето на определени фондови и извори на финасиски средства, како и отворањето на можноста за финансиска поддршка од средства на ИПА програмата, претставува можност , но и тест и проверка за поголемиот број на субјекти во цивилниот сектор. Од една страна, тоа ќе донесе нови искуства и сознанија, а од друга ќе отвори нови видици и можности за раст и развој како на самите нас, така и на планот на организациски напредок и подем.*

*Транспарентноста, експедитивноста и стручноста во нашето работење и понатаму ќе бидат основните карактеристики по кои ќе бидеме препознатливи и кои ќе не отсликуваат. Мислиме дека успеавме да се профилираме како лидери во локалната заедница во цивилниот сектор. Се надеваме дека и понатаму сите во нас ќе гледаат како на сериозен субјект или партнер во имплементација на различни проектни активности, било тоа да се останатите здруженија на граѓани, институции или поединци.*